СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Петок, 7 мај 1982
Скопје
Број 20 Год. XXXVIII

Претплатата за 1982 година изнесува 900 динари. Овој број чини 40 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

198.

Врз основа на член 352 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, точка 1 од Амандманот III на Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 136 ставови 1 и 2 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 28 април 1982 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За претседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира Бошко Станковски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1103
28 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

199.

Врз основа на член 352 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 138 став 2, а во врска со член 136 ставови 1 и 2 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 28 април 1982 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За потпретседатели на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избираат:

Мети Крлиу, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија,

Ката Лахтова, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и

Рамадан Мамуд, делегат во Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1102
28 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

200.

Врз основа на член 354 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 25 алинеја втора од Деловникот на Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 28 април 1982 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБОРОТ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За претседател на Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира д-р Илија Черепналковски, делегат во Соборот на здружениот труд.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1065
28 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р **Илија Черепналковски**, с. р.

201.

Врз основа на член 354 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 27 алинеја втора од Деловникот на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 28 април 1982 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБОРОТ НА ОПШТИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За претседател на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира Сервет Салиу, делегат во Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 39-1062
28 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Соборот на општините,
Сервет Салиу, с. р.

202.

Врз основа на член 354 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 24 алинеја втора од Деловникот на Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 28 април 1982 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За претседател на Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира Ванчо Близнаковски, делегат во Општествено-политичкиот собор.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 41-1068
28 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
Ванчо Близнаковски, с. р.

203.

Врз основа на точка 1 став 1 од Амандманот IV на Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 2 од Законот за избор на членови на Претседателството на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ", бр. 41/81), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 28 април 1982 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За членови на Претседателството на Социјалистичка Република Македонија се избираат:

Ванчо Апостолски,
Филип Брајковски,
Томе Буклевски,
Џемаил Вејсели,
Фахри Каја,
Благој Попов,
Благоја Талески и
Ангел Чемерски.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1076
28 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

204.

Врз основа на член 369 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 28 април 1982 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ДЕЛЕГАЦИЈАТА НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СОБОРОТ НА РЕПУБЛИКИТЕ И ПОКРАИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

За членови на делегацијата на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се избираат:

м-р Благоја Ѓорѓиоски,
Радмила Манчевска,
Негре Новаковски,
Павле Тасевски,
Предраг Петровски,
Васил Туџаров,
д-р Трајче Грујоски,
Методи Антов,
Александар Ицев,
Асан Керим,
Хиџет Рамадани и
д-р Душан Вељковиќ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1077
28 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

205.

Врз основа на точка 1 став 1 од Амандманот V на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 28 април 1982 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За претседател на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира Драгољуб Ставрев.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1078
28 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

206.

Врз основа на точка 1 став 2 од Амандманот V на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 28 април 1982 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За членови на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избираат:

Стојан Андов,
Александар Андоновски,
Сретен Акимовски,
Никола Бакулевски,
Милчо Балевски,
м-р Љубомир Варошлија,
инж. д-р Ристо Галиќ
Анатолиј Дамјановски,
Каменчо Ѓоргов,
Елена Ѓурковиќ,
Дургут Едиповски,
Тихомир Илиевски,
ген. мајор Никола Кастратовиќ,

Тахир Кадриу,
инж. Љубомир Коруновски,
Ајкмет Кривца,
Андон Мојсов,
инж. Ристо Петровски,
м-р Најденко Поповски,
Киро Поповски,
Томислав Симовски,
Вера Терзиева-Тројачанец,
Кочо Тулевски и
инж. Христо Христоманов.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1108
28 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

207.

Врз основа на точка 1 став 1 од Амандманот VI на Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 1 од Законот за определување на републички секретари и други функционери што раководат со републички органи на управата и со републички организации кои се именуваат од редот на членовите на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ", бр. 13/82), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 28 април 1982 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИ, ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА РЕПУБЛИЧКИТЕ КОМИТЕТИ И ДИРЕКТОР НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ОПШТЕСТВЕНО ПЛАНИРАЊЕ

За републички секретари, за претседатели на републичките комитети и за директор на Републичкиот завод за општествено планирање се именуваат:

1. генерал-мајор Никола Кастратовиќ, за републички секретар за народна одбрана,
2. м-р Љубомир Варошлија, за републички секретар за внатрешни работи,
3. Никола Бакулевски, за републички секретар за правосудство,
4. Александар Стојановски, за републички секретар за финансии,
5. инж. Љубомир Коруновски, за претседател на Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и градежништво,
6. Дургут Едиповски, за претседател на Републичкиот комитет за општостопански работи и пазар,
7. инж. Христо Христоманов, за претседател на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство,
8. Сретен Акимовски, за претседател на Републичкиот комитет за економски односи со странство,
9. инж. Ристо Петровски, за претседател на Републичкиот комитет за сообраќај и врски,
10. инж. д-р Ристо Галиќ, за претседател на Републичкиот комитет за урбанизам и заштита на човековата околина,
11. Андон Мојсов, за претседател на Републичкиот комитет за труд,
12. Каменчо Горгов, за претседател на Републичкиот комитет за здравство и социјална политика,
13. Анатолиј Дамјановски, за претседател на Републичкиот комитет за образование и наука,
14. Милчо Балевски, за претседател на Републичкиот комитет за култура,
15. Томислав Симовски, за претседател на Републичкиот комитет за меѓународни односи,
16. Тихомир Илиевски, за претседател на Републичкиот комитет за информации,
17. Вера Терзиева-Тројачанец, за претседател на Републичкиот комитет за законодавство и организација и
18. м-р Најденко Поповски, за директор на Републичкиот завод за општествено планирање.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1109
28 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

208.

Врз основа на член 83 став 1 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница, одржана на 28 април 1982 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За секретар на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се именува д-р Филип Лазарески.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1079
28 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

209.

Врз основа на член 354 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 25 алинеја втора од Деловникот на Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 28 април 1982 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗБОР НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБОРОТ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За потпретседател на Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира Тимо Ефтимов, делегат во Соборот на здружениот труд.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1066
28 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р **Илија Черепналковски**, с. р.

210.

Врз основа на член 25 алинеја шеста, а во врска со член 135 од Деловникот на Соборот на здруженият труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Соборот на здруженият труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 28 април 1982 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СОБОРОТ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За секретар на Соборот на здруженият труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се именува Живко Тодоровски.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 28-1067
28 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здруженият труд,
д-р **Илија Черепналковски**, с. р.

211.

Врз основа на член 354 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 27 алинеја втора од Деловникот на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 28 април 1982 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБОРОТ НА ОПШТИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За потпретседател на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира Славка Арсовска, делегат во Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 39-1063
28 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Соборот на општините,
Сервет Салиу, с. р.

212.

Врз основа на член 27 алинеја шеста, а во врска со член 122 од Деловникот на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 28 април 1982 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СОБОРОТ НА ОПШТИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За секретар на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се именува Загорка Нинковска.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 39-1064
28 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Соборот на општините,
Сервет Салиу, с. р.

213.

Врз основа на член 354 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 24 алинеја втора од Деловникот на Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 28 април 1982 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За потпретседател на Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира Саве Гаџовски, делегат во Општествено-политичкиот собор.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 41-1069
28 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
Ванчо Близнаковски, с. р.

214.

Врз основа на член 24 алинеја шеста, а во врска со член 124 од Деловникот на Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 28 април 1982 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За секретар на Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се именува Живко Мартиноски.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 41-1075
28 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
Ванчо Близнаковски, с. р.

215.

Врз основа на член 83 став 1 од Законот за народна одбрана („Службен весник на СРМ", бр. 11/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 април 1982 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИМЕНУВАЊЕ КОМАНДАНТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ШТАБ ЗА ЦИВИЛНА ЗАШТИТА

За командант на Републичкиот штаб за цивилна заштита се именува Киро Поповски, член на Извршниот совет на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1110
28 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

216.

Врз основа на точка 1 од Амандманот VII на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, а во врска со член 376 став 1 алинеја петта од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 28 април 1982 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И СУДИИ НА УСТАВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА

За претседател и судии на Уставниот суд на Македонија се избираат:
за претседател, Гога Николовски,
за судии:
Мугбил Бејзат и
д-р Ѓорѓи Цаца.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1107
28 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

217.

Врз основа на член 172 став 1 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ", бр. 45/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 април 1982 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИЦИ НА ФУНКЦИОНЕРИ ШТО РАКОВОДАТ СО РЕПУБЛИЧКИ ОРГАНИ НА УПРАВАТА

I. За заменици на републичките секретари се именуваат:

1. Светислав Митровски, за заменик на републичкиот секретар за внатрешни работи,
2. Иван Катранциски, за заменик на републичкиот секретар за правосудство и
3. Атанас Мечев, за заменик на републичкиот секретар за финансии.

II. За заменици на претседатели на републичките комитети се именуваат:

1. Мито Марковски, за заменик на претседателот на Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и градежништво,
2. Киро Данаилов, за заменик на претседателот на Републичкиот комитет за општостопански работи и пазар,
3. Никола Петровски, за заменик на претседателот на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство,
4. Методија Смиленски, за заменик на претседателот на Републичкиот комитет за економски односи со странство,
5. Трпе Јаневски, за заменик на претседателот на Републичкиот комитет за сообраќај и врски,
6. инж. арх. Љубомир Тасевски, за заменик на претседателот на Републичкиот комитет за урбанизам и заштита на човековата околина,
7. Оливера Угриновска, за заменик на претседателот на Републичкиот комитет за труд,
8. д-р Видое Стефановски, за заменик на претседателот на Републичкиот комитет за здравство и социјална политика,
9. Киро Поповски, за заменик на претседателот на Републичкиот комитет за образование и наука,
10. Перо Кецкаровски, за заменик на претседателот на Републичкиот комитет за култура,
11. Ахил Тунтев, за заменик на претседателот на Републичкиот комитет за меѓународни односи,
12. Милица Источка-Кнежевиќ, за заменик на претседателот на Републичкиот комитет за информации и
13. Новак Марковски, за заменик на претседателот на Републичкиот комитет за законодавство и организација.

III. За заменик на директорот на Републичкиот завод за општествено планирање се именува м-р Борис Блажевски.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1106
28 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

218.

Врз основа на член 162 став 2 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ", бр. 45/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 април 1982 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА РЕПУБЛИЧКИТЕ КОМИТЕТИ

За членови на републичките комитети се именуваат:

I. Во Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и градежништво:

1. Јован Андонов, електроинженер, вработен во Рудници и железарница „Скопје" — Скопје,
2. Александар Арсовски, советник на републичкиот секретар за народна одбрана,
3. Здравко Богданов, електроинженер, член на Колегијалниот работоводен орган на ООЗТ „Електростопанство" — Скопје,
4. Бошко Здравковски, дипломиран економист, помошник на директорот на Републичкиот завод за општествено планирање,
5. Петар Мирчевски, дипломиран економист, помошник на секретарот за општостопански работи и пазар,
6. Симо Симовски, дипломиран градежен инженер, на работа во ГРО „Бетон" — Скопје,
7. инж. д-р Бранко Попов, редовен професор на Хемискиот факултет — Скопје,
8. Живко Серафимовски, дипломиран економист, помошник на републичкиот секретар за труд,
9. Ратко Трајковски, машински инженер, секретар на Координациониот одбор за индустрија и енергетика во Стопанската комора на Македонија и
10. Михаило Шишковски, рударски инженер, секретар на Советот за истражувачки работи во рударството.

II. Во Републичкиот комитет за општостопански работи и пазар:

1. Катарина Бахчаванциева, дипломиран економист, помошник на републичкиот секретар за сообраќај и врски,
2. Цветко Вељановски, дипломиран правник, потсекретар во Републичкиот секретаријат за народна одбрана,
3. Димко Кокарески, предавач на Економскиот факултет во Прилеп,
4. Ристо Крунтевски, дипломиран агроном, советник на републичкиот секретар за земјоделство и шумарство,
5. Андон Марковски, дипломиран економист, вработен во ГРО „Бетон" — Скопје,
6. Сречко Маневски, дипломиран агроном, вработен во СОЗТ Здружен земјоделско-прехранбен комбинат „Македонија" — Скопје,

7. Тодор Пешев, електроинженер, помошник на претседателот на Републичкиот комитет за енергетика,

8. д-р Александар Стојмилов, вонреден професор на Географскиот факултет и член на Претседателството на Туристичкиот сојуз на Македонија,

9. Благоја Тикварски, дипломиран економист, вработен во Стопанската комора на Македонија и

10. Душанка Христова, дипломиран економист, советник на републичкиот секретар за економски односи со странство.

III. Во Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство:

1. Димитар Бутнејски, дипломиран економист, главен републички пазарен инспектор,

2. Вангел Гагачев, дипломиран агроном, вработен во ЗИК „Пелагонија" — Битола,

3. Душко Гиговски, дипломиран правник — Скопје,

4. Благоја Левковски, градежен инженер, вработен во Сложената организација на здружен труд „Водостопанство" — Скопје,

5. д-р инж. Ристо Лозановски, редовен професор на Земјоделскиот факултет во Скопје,

6. Живко Поповски, советник во работна заедница во Републичкиот завод за општествено планирање,

7. Киро Роглев, шумарски инженер, член на Извршниот совет, одбор на Собранието на Стопанската комора на Македонија,

8. инж. Михаил Серафимовски, редовен професор на Градежниот факултет во Скопје,

9. Благоја Станоевски, дипломиран економист, член на Претседателството на РК на ССРНМ и

10. Борис Таневски, инженер по шумарство, вработен во Сложената организација на здружен труд „Треска" — Скопје.

IV. Во Републичкиот комитет за економски односи со странство:

1. Илија Анастасов, советник на републичкиот секретар за општостопански работи и пазар,

2. Томе Бислимовски, дипломиран економист, помошник на републичкиот секретар за финансии,

3. Борис Блажевски, дипломиран економист, помошник на директорот на Републичкиот завод за општествено планирање,

4. Вељо Бундалевски, дипломиран економист, вицегувернер на Народната банка на Македонија,

5. Аритон Жиков, вонреден професор на Економскиот факултет во Скопје,

6. Владо Поповски, дипломиран економист, вработен во „Отекс" — Охрид,

7. Мито Марковски, дипломиран економист, потсекретар во Републичкиот секретаријат за индустрија,

8. Ахил Тунтев, заменик на републичкиот секретар за меѓународни односи,

9. инж. Љупчо Чакар, дипломиран агроном, главен републички инспектор за земјоделство и

10. Милан Џајковски, дипломиран машински инженер, генерален директор на „Алумина" — Скопје.

V. Во Републичкиот комитет за сообраќај и врски:

1. м-р инж. Борис Коњозов, вонреден професор на Градежниот факултет во Скопје,

2. Живко Котевски, помошник на републичкиот секретар за народна одбрана,

3. Благоја Миноски, дипломиран економист, вработен во РО „Пелагонијатурист" — Прилеп,

4. Александар Павловски, дипломиран економист, вработен во ЖТО — Скопје,

5. Мерџана Поповска, дипломиран економист, вработена во Стопанската комора на Македонија,

6. Глигор Серафимов, дипломиран инженер технолог, помошник на републичкиот секретар за индустрија,

7. инж. Никола Тозија, дипломиран сообраќаен инженер, вработен во Стручната служба на Републичката самоуправна интересна заедница за патишта,

8. Светомир Курапов, дипломиран инженер, вработен во Радио-телевизија Скопје,

9. Борис Чаушевски, дипломиран сообраќаен инженер, вработен во Републичкиот секретаријат за внатрешни работи и

10. Сандре Шикалески, дипломиран инженер, вработен во Работната организација за ПТТ — Скопје.

VI. Во Републичкиот комитет за урбанизам и заштита на човековата околина:

1. д-р Костадин Грековски, главен републички санитарен инспектор,

2. Иван Димитровски, дипломиран градежен инженер, потсекретар во Републичкиот секретаријат за индустрија,

3. Димитар Јуруковски, дипломиран градежен инженер, вработен во Институтот за земјотресно инженерство,

4. Воислав Мачкиќ, дипломиран инженер архитект, вработен во Институтот за просторно планирање — Охрид,

5. Томе Малески, дипломиран инженер архитект — Скопје,

6. Љупчо Огњанов, дипломиран градежен инженер, вработен во „Комуналец" — Скопје,

7. Славе Палчевски, дипломиран градежен инженер, помошник на директорот на Републичката геодетска управа,

8. инж. Андреја Токарев, доцент на Архитектонскиот факултет во Скопје,

9. Павлина Топукова, дипломиран економист, потсекретар во Републичкиот завод за општествено планирање и

10. Славко Џоневски, дипломиран градежен инженер, помошник на претседателот на Републичкиот комитет за водостопанство.

VII. Во Републичкиот комитет за труд:

1. Гојко Груевски, доцент на Правниот факултет во Битола,

2. д-р Елка Димитрова, дипломиран економист, вработена во Економскиот институт во Скопје,

3. Киро Ефремов, дипломиран правник, вработен во Стручната служба на Републичката самоуправна интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување,

4. Виолета Јосифова, дипломиран правник, судија во Окружниот суд во Штип,

5. Ѓорѓи Кимов, асистент во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје,

6. Тофан Лазаревски, дипломиран економист, вработен во Стопанската комора на Македонија,

7. Сотир Најдовски, студент, член на Претседателството на Републичката конференција на ССРНМ,

8. Киро Поповски, психолог, вработен во Републичкиот завод за унапредување на образованието,

9. Ала Кемал, раководител на Службата за план и анализа во „Електромонтажа" — Охрид и

10. Петар Чокревски, помошник на републичкиот секретар за меѓународни односи.

VIII. Во Републичкиот комитет за здравство и социјална политика:

1. полковник Александар Бошковски, помошник на командантот на Републичкиот штаб за територијална одбрана за заднина,

2. Чедомир Георгиев, политолог, вработен во Стручната служба на ЦК СКМ,

3. Косара Гочкова, предавач на Педагошката академија „Климент Охридски",

4. д-р Киро Доневски, вработен во „Алкалоид" — Скопје,

5. д-р Димитар Ивановски, вработен во Институтот за социјална медицина,

6. Исмаилаки Емурлаи, дипломиран економист, вработен во РО „Тетекс" — Тетово,

7. Никола Митевски, член на Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ,

8. д-р Саво Миронски, редовен професор на Медицинскиот факултет — Скопје,

9. д-р Никола Стојанов, вработен во Медицинскиот центар — Титов Велес,

10. д-р Ѓорѓи Теодосиевски, вработен во Републичкиот завод за здравствена заштита,

11. Душко Туцаров, дипломиран економист, вработен во „Реплек Македонија" — Скопје и

12. д-р Јован Тофовски, претседател на Собранието на Црвениот крст на Македонија.

IX. Во Републичкиот комитет за образование и наука:

1. Емине Адеми, новинар во Радио Скопје,

2. Ѓорѓи Даневски, психолог, вработен во Рудници и железарница „Скопје" — Скопје,

3. Петар Кецкаровски, историчар, потсекретар во Републичкиот секретаријат за култура,

4. д-р Радмила Кипријанова, вонреден професор на Технолошкиот факултет во Скопје,

5. Ристо Марковски, новинар во Народна техника — Скопје,

6. Петрит Муча, наставник во Дебар,

7. академик д-р Манол Пандевски, вработен во Институтот за национална историја — Скопје,

8. Иван Панов, професор по физичко воспитување во Центарот за физичка култура при Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје,

9. Гордана Стошиќ, студент, член на Претседателството на Републичката конференција на Сојузот на социјалистичката младина на Македонија,

10. д-р Бранко Трпеновски, редовен професор на Математичкиот факултет во Скопје,

11. Оливера Угринова — Цветановска, дипломиран економист, советник во Извршниот совет на Собранието на СРМ и

12. д-р Михаило Чепрганов, вонреден професор на Градежниот факултет во Скопје.

X. Во Републичкиот комитет за култура:

1. Александар Алексиевски, директор на Архивот на Македонија,

2. д-р Коста Балабанов, научен советник во Сложената организација на здружен труд на музеите на Македонија,

3. д-р Асен Групче, редовен професор на Правниот факултет во Скопје,

4. Фиданчо Димитров, новинар во Редакцијата на македонското издание на „Комунист",

5. Србо Ивановски, писател од Скопје,

6. Фимчо Муратовски, диригент на Филхармонијата на Македонија,

7. Борче Наумовски, вработен во Републичката самоуправна интересна заедница на културата,

8. Јоана Поповска, артист во Македонскиот народен театар,

9. д-р Сејфедин Сулејмани, предавач на Педагошката академија „Климент Охридски" — Скопје,

10. Димитар Солев, писател, вработен во Народната и универзитетска библиотека „Климент Охридски" — Скопје,

11. Драги Тозија, директор на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата и

12. д-р Луан Старова, писател, потпретседател на Републичката комисија за културни врски со странство.

XI. Во Републичкиот комитет за меѓународни односи:

1. Ратка Бакалиноска, помошник на републичкиот секретар за информации,

2. Никола Василевски, помошник на републичкиот секретар за наука и образование,

3. Живко Василевски, претседател на Матицата на иселениците на Македонија,

4. Томе Георгиевски, потсекретар во Републичкиот секретаријат за труд,

5. Матеја Матевски, претседател на Републичката комисија за културни врски со странство,

6. Славчо Николовски, дипломиран правник, потсекретар во Републичкиот секретаријат за економски односи со странство,

7. Душан Трајковски, помошник на републичкиот секретар за внатрешни работи,

8. Јорго Хаџи Стерјо, дипломиран правник, потсекретар во Републичкиот секретаријат за правосудство,

9. инж. Стојан Христов, дипломиран градежен инженер, директор на Републичкиот завод за меѓународна научно-техничка соработка и

10. д-р Тодор Цунов, редовен професор на Правниот факултет во Скопје.

XII. Во Републичкиот комитет за информации:

1. Христо Андонов, уредник на списанието „Македонија" на Матицата на иселениците на Македонија,

2. Ружа Бак, новинар од Скопје,

3. Хасан Бевки, новинар во весникот „Бирлик",

4. Драгољуб Лазов, уредник во „Нова Македонија",

5. Тосум Пахуми, помошник на републичкиот секретар за народна одбрана,

6. Цветан Станоевски, помошник на претседателот на Републичката комисија за културни врски со странство,

7. Чедомир Стојковски, директор на Радио Скопје,

8. Мирче Томовски, дипломиран правник, општествено-политички работник во Градскиот комитет на СК — Скопје,

9. Михаило Чаловски, вработен во Републичкиот секретаријат за внатрешни работи и

10. Петар Чокревски, помошник на републичкиот секретар за меѓународни односи.

XIII. Во Републичкиот комитет за законодавство и организација:

1. д-р Тито Беличанец, доцент на Правниот факултет,

2. Киро Данаилов, дипломиран правник, заменик на републичкиот секретар за општостопански работи и пазар,

3. Лимани Зурап, дипломиран правник, заменик на општествениот правобранител на самоуправувањето — Кичево,

4. Спасе Лазаревски, дипломиран економист, советник на директорот на Републичкиот завод за општествено планирање,

5. Атанас Мечев, дипломиран економист, заменик на републичкиот секретар за финансии,

6. д-р Ванчо Проевски, потсекретар во Републичкиот секретаријат за правосудство,

7. Киро Поповски, директор на Републичкиот завод за унапредување на образованието,

8. д-р Стрезо Стрезовски, редовен професор на Правниот факултет — Скопје,

9. м-р Вера Талевска, доцент на Економскиот факултет во Скопје и

10. Оливера Угринова-Цветановска, дипломиран економист, советник во Извршниот совет на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1104
28 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

219.

Врз основа на точка 1 став 1 од Амандманот VI на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 април 1982 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА РЕПУБЛИЧКАТА КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

I. За претседател на Републичката комисија за односи со верските заедници се именува Кочо Тулевски, потпретседател на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија.

II. За членови на Републичката комисија за односи со верските заедници се именуваат:

1. Сервет Авзиу, член на Извршниот совет на Собранието на општина Тетово,
2. Ратка Бакалиноска, помошник на републичкиот секретар за информации,
3. Никола Василевски, помошник на републичкиот секретар за наука и образование,
4. Велимир Велјановски, член на Извршниот совет на Собранието на град Скопје,
5. Димитар Гошев, член на Извршниот совет на Собранието на општина Струмица,
6. Владо Картов, претседател на Комисијата на РК на ССРНМ за меѓунационални односи,
7. Ѓорѓи Ламбуровски, потпретседател на Извршниот совет на Собранието на општина Битола,
8. Тодор Паскали, член на Извршниот совет на Собранието на општина Охрид,
9. Душан Радев, член на Извршниот совет на Собранието на општина Штип,
10. Садик Садику, потпретседател на Извршниот совет на Собранието на општина Гостивар,
11. Петар Чокревски, помошник на републичкиот секретар за меѓународни односи и
12. Слободан Шајновски, член на Претседателството на РК на ССРНМ и претседател на Комисијата за идејна работа.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1105
28 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

220.

Врз основа на член 178 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ", бр. 45/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 28 април 1982 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИМЕНУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ СОВЕТНИК ВО СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За републички советник во Собранието на Социјалистичка Република Македонија се именува Васко Мисајловски.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1111
28 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

221.

Врз основа на член 178 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ", бр. 45/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 април 1982 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИМЕНУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ СОВЕТНИК ВО СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За републички советник во Собранието на Социјалистичка Република Македонија се именува Боро Чакар.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1112
28 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Бошко Станковски, с. р.

222.

ИЗВЕШТАЈ НА РЕПУБЛИЧКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИЗБОРОТ НА ДЕЛЕГАТИТЕ ВО СОБОРОТ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

До Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија
Скопје

Републичката изборна комисија за избор на делегати во соборите на Собранието на Социјалистичка Република Македонија ги прими изборните акти од општинските изборни комисии за избор на делегати во соборите на Собранието на СРМ и откако истите ги разгледа, во смисла на член 46 во врска со член 162 од Законот за избор на членови на делегации и на делегати во собранијата на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересни заедници во Социјалистичка Република Македонија, на Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија му го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ
ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИЗБОРОТ НА ДЕЛЕГАТИТЕ ВО СОБОРОТ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. Изборите за делегати во Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, согласно решението на претседателот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, бр. 08-354 од 10 февруари 1982 година (објавено во „Службен весник на СРМ", бр. 11/82), се одржаа на 13 април 1982 година во соборите на здружениот труд на собранијата на сите општини во Социјалистичка Република Македонија, и тоа за кандидатите чии кандидатури беа огласени од надлежните општински изборни комисии.

II. Со спроведувањето на изборите за делегати во Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, под грижата на Републичката изборна комисија, раководеа општинските изборни комисии.

III. Резултатите од изборите за делегати во Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, по области на трудот и по делегатски единици, ги утврдија општинските изборни комисии за избор на делега-

ти во соборите на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на начин утврден со член 45 од Законот.

IV. Републичката изборна комисија ги прегледа изборните акти што се однесуваат на изборот на делегатите во Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и не најде неправилности што би имале битно влијание врз резултатите од изборите.

V. Резултатите од изборите за делегатите во Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, по области на трудот и делегатски единици се следните:

1. Во делегатската единица Берово се избира 1 делегат од областа на градежништвото, градежните материјали и неметали.

Од вкупно 36 делегати на Соборот на здружениот труд при Собранието на општината Берово, на седницата присуствувале 30 делегати. За кандидатот Јован Таковски гласале 30 делегати.

Верификацијата е одложена за наредната седница.

2. Во делегатската единица Битола се избираат 9 делегати и тоа: 1 (еден) делегат од областа на енергетиката, металургијата, металопреработувачката и електроиндустријата; 1 (еден) делегат од областа на градежништвото, градежните материјали и неметалите; 1 (еден) делегат од областа на хемиската, текстилната и кожарската индустрија; 1 (еден) делегат од областа на земјоделството, водостопанството, прехранбената и тутунската индустрија; 1 (еден) делегат од областа на трговијата, угостителството и туризмот; 1 (еден) делегат од областа на занаетчиството и комуналната дејност; 1 (еден) делегат од работните заедници на државните органи, општествено-политичките организации, општествените организации и здруженијата и од другите работни заедници што не се организирани како организации на здружен труд; и 1 (еден) делегат од заедниците на работните луѓе што работат со средства на трудот на кои постои право на сопственост заедно со работниците со кои го здружуваат својот труд и средствата на трудот.

Од вкупно 80 делегати во Соборот на здружениот труд при Собранието на општината Битола, на седницата присуствувале 68 делегати. За кандидатот Ѓорѓи Симјановски од Битола гласале 68 делегати; за кандидатот Ѓорѓи Пили од Битола гласале 67 делегати; за кандидатот Вера Балтова од Битола гласале 68 делегати; за кандидатот Кочо Бањаровски од Битола гласале 68 делегати; за кандидатот Александар Филипов од Битола гласале 67 делегати; за кандидатот Срба Костиќ од Битола гласале 68 делегати; за кандидатот Илија Алушовски од Битола гласале 68 делегати; за кандидатот Никола Стојков од Битола гласале 68 делегати; и за кандидатот Благоја Алчевски, од село Могила гласале 66 делегати.

3. Во делегатската единица Македонски Брод се избира 1 (еден) делегат и тоа од областа на шумарството, дрвната индустрија и индустријата на хартија и графичката дејност.

Од 35 делегати на Соборот на здружениот труд при Собранието на општината Македонски Брод, на седницата биле присутни 33 делегати. За кандидатот Данче Павлеска од Македонски Брод гласале 28 делегати.

4. Во делегатската единица Валандово се избира 1 (еден) делегат и тоа од областа на земјоделството, водостопанството, прехранбената и тутунската индустрија.

Од вкупно 30 делегати на Соборот на здружениот труд при Собранието на општината Валандово на седницата биле присутни 29 делегати. За делегатот Томе Јованов од Валандово гласале 25 делегати.

5. Во делегатската единица Виница се избира 1 (еден) делегат од областа на градежништвото, градежните материјали и неметалите.

Од вкупно 34 делегати на Соборот на здружениот труд при Собранието на општината Виница, на седницата присуствувале 28 делегати. За кандидатот Јован Бојаџиски од Виница гласале 28 делегати.

6. Во делегатската единица Гевгелија се избираат 2 делегати и тоа 1 (еден) делегат од областа на земјоделството, водостопанството, прехранбената и тутунската индустрија и 1 (еден) делегат од областа на сообраќајот и врските.

Од вкупно 47 делегати на Соборот на здружениот труд при Собранието на општината Гевгелија, на седницата присуствувале 42 делегати.

За кандидатот Костадин Поп Кочев од Гевгелија гласале 40 делегати и за кандидатот Петар Шимов од Богданци гласале 37 делегати.

7. Во делегатската единица Гостивар се избираат 4 делегати и тоа: 1 (еден) делегат од областа на градежништвото, градежните материјали и неметалите, 1 (еден) делегат од областа на трговијата, угостителството и туризмот, 1 (еден) делегат од областа на образованието, науката и културата и 1 (еден) делегат од заедниците на работните луѓе што работат со средства на трудот над кои постои право на сопственост, заедно со работниците со кои го здружуваат својот труд и средствата на трудот.

Од вкупно 70 делегати на Соборот на здружениот труд, на седницата присуствувале 61 делегати.

За кандидатот Фети Ајдири од село Балиндол гласале 61 делегат; за кандидатот Славе Ангеловски од Гостивар гласале 61 делегат; за кандидатот Џеват Имери од село Чегране гласале 61 делегат и за кандидатот Ирфан Сариѓе гласале 51 делегат.

8. Во делегатската единица Дебар се избира 1 (еден) делегат и тоа од областа на градежништвото, градежните материјали и неметалите.

Од вкупно 50 делегати на Соборот на здружениот труд при Собранието на општината Дебар, на седницата присуствувале 43 делегати.

За кандидатот Драган Андоновски од Дебар гласале 41 делегат.

9. Во делегатската единица Делчево се избира 1 (еден) делегат од областа на енергетиката, металургијата, металопреработувачката и електроиндустријата.

Од вкупно 43 делегати на Соборот на здружениот труд на Собранието на општината Делчево, на седницата присуствувале 40 делегати.

За кандидатот Марин Александров од Македонска Каменица гласале 38 делегати.

10. Во делегатската единица Демир Хисар се избира 1 (еден) делегат од областа на земјоделството, водостопанството, прехранбената и тутунската индустрија.

Од вкупно 36 делегати на Соборот на здружениот труд при Собранието на општината Демир Хисар, на седницата присуствувале 28 делегати.

За кандидатот Сандо Георгиески од село Струго гласале 20 делегати.

11. Во делегатската единица Кавадарци се избираат 4 (четири) делегати и тоа: 1 (еден) делегат од областа на енергетиката, металургијата, металопреработувачката и електроиндустријата; 1 (еден) делегат од областа на шумарството, дрвната индустрија, индустријата за хартија и графичката дејност; 1 (еден) делегат од областа на земјоделството, водостопанството, прехранбената и тутунската индустрија и 1 (еден) делегат од областа на образованието, науката и културата.

Од вкупно 61 делегат на Соборот на здружениот труд при Собранието на општината Кавадарци, на седницата присуствувале 42 делегата.

За кандидатот Перо Стојанов од Кавадарци гласале 42 делегати; за кандидатот Васко Мукаетов од Кавадарци гласале 41 делегат; за кандидатот Лазар Ристов од Кавадарци гласале 39 делегати и за кандидатот Ружица Јосифова од Кавадарци гласале 42 делегати.

12. Во делегатската единица Кочани се избираат 3 делегати и тоа: 1 (еден) делегат од областа

на енергетиката, металургијата, металопреработувачката и електроиндустријата; 1 (еден) делегат од областа на градежништвото, градежните материјали и неметалите и 1 (еден) делегат од заедниците на работните луѓе што работат со средства на трудот над кој постои право на сопственост, заедно со работниците со кои го здружуваат својот труд и средствата на трудот.

Од вкупно 60 делегати на Соборот на здруженото труд при Собранието на општината Кочани, на седницата присуствувале 51 делегат.

За кандидатот Мите Митев од Кочани гласале 48 делегати; за кандидатот Серафим Апостолов од Кочани гласале 46 делегати и за кандидатот Мирослав Донев од село Зрновци гласале 47 делегати.

13. Во делегатската единица Кичево се избираат 3 делегати и тоа: 1 (еден) делегат од областа на енергетиката, металургијата, металопреработувачката и електроиндустријата; 1 (еден) делегат од работните заедници на државните органи, општествено-политичките организации, општествените организации и здруженијата и другите работни заедници што не се организирани како организации на здружен труд.

Од вкупно 60 делегати на Соборот на здруженото труд при Собранието на општината Кичево, на седницата присуствувале 55 делегати.

За кандидатот Перо Мичовски од Кичево гласале 52 делегата; за кандидатот Живко Ѓурчиновски од Кичево гласале 53 делегати и за кандидатот Екрем Љутвиоски од Кичево гласале 52 делегата.

14. Во делегатската единица Крива Паланка се избираат 2 (два) делегата и тоа: 1 (еден) делегат од областа на хемиската, текстилната и кожарската индустрија и 1 (еден) делегат од заедниците на работните луѓе што работат со средства на трудот над кои постои право на сопственост заедно со работниците со кои го здружуваат својот труд и средствата на трудот.

Од вкупно 45 делегати на Соборот на здруженото труд при Собранието на општината Крива Паланка, на седницата присуствувале 36 делегати.

За кандидатот Стојмен Ѓорѓиевски од село Конопница гласале 36 делегати и за кандидатот Сотир Јосимовски од Крива Паланка гласале 33 делегати.

15. Во делегатската единица Кратово се избира 1 (еден) делегат и тоа од областа на градежништвото, градежните материјали и неметалите.

Од вкупно 39 делегати на Соборот на здруженото труд при Собранието на општината Кратово, на седницата присуствувале 32 делегати.

За кандидатот Михаил Илиевски од Кратово гласале 31 делегат.

16. Во делегатската единица Крушево се избира 1 (еден) делегат и тоа од областа на трговијата, угостителството и туризмот.

Од вкупно 50 делегати на Соборот на здруженото труд при Собранието на општината Крушево, на седницата присуствувале 40 кандидати.

За кандидатот Ќочо Трајановски од Крушево гласале 40 делегати.

17. Во делегатската единица Куманово се избираат 6 (шест) делегати и тоа: 1 (еден) делегат од областа на енергетиката, металургијата, металопреработувачката, и електроиндустријата; 1 (еден) делегат од областа на хемиската, текстилната и кожарската индустрија; 1 (еден) делегат од областа на образованието, науката и културата; 1 (еден) делегат од работните заедници на државните органи, општествено-политичките организации, општествените организации и здруженијата и од другите работни заедници што не се организираат како организации на здружен труд; 1 (еден) делегат од заедниците на работните луѓе што работат со средства на трудот над кои постои право на сопственост заедно со работниците со кои го здружуваат својот труд и средствата на трудот.

Од вкупно 79 делегати на Соборот на здруженото труд при Собранието на општината Куманово, на седницата присуствувале 73 делегати.

За кандидатот Момчило Стојковски од Куманово гласале 68 делегати; за кандидатот Зоја Петрушевска од Куманово гласале 71 делегат; за кандидатот Бранко Младеновски од Куманово гласале 71 делегат; за кандидатот Шаиф Салиу од Куманово гласале 66 делегати; за кандидатот Миле Стојменовиќ гласале 70 делегати и за кандидатот Мирољуб Лалевски од Куманово гласале 70 делегати.

18. Во делегатската единица Неготино се избира 1 (еден) делегат и тоа од областа на земјоделството, водостопанството, прехранбената и тутунската индустрија.

Од вкупно 50 делегати на Соборот на здруженото труд при Собранието на општината Неготино, на седницата присуствувале 47 делегати.

За кандидатот Јордан Јанев од Неготино гласале 45 делегати.

19. Во делегатската единица Охрид се избираат 5 (пет) делегати и тоа: 1 (еден) делегат од областа на енергетиката, металургијата, металопреработувачката и електро индустријата; 1 (еден) делегат од областа на градежништвото, градежните материјали и неметалите; 1 (еден) делегат од областа на трговијата, угостителството и туризмот; 1 (еден) делегат од областа на образованието, науката и културата и 1 (еден) делегат од заедниците на работните луѓе што работат со средства на трудот над кои постои право на сопственост заедно со работниците со кои го здружуваат својот труд и средствата.

Од вкупно 55 (педесет и пет) делегати на Соборот на здруженото труд при Собранието на општината Охрид, на седницата присуствувале 51 делегат.

За кандидатот Живко Наумовски од Охрид гласале 45 делегати; за кандидатот Томе Вељановски од Охрид гласале 47 делегати; за кандидатот Лазо Бебековски од Охрид гласале 48 делегати; за кандидатот Лилјана Мишева од Охрид гласале 50 делегати и за кандидатот Стевчо Наневски од Охрид гласале 42 делегати.

20. Во делегатската единица Прилеп се избираат 8 делегати и тоа: 1 (еден) делегат од областа на градежништвото, градежните материјали и неметали; 1 (еден) делегат од областа на шумарството, дрвната индустрија, индустријата за хартија и графичката дејност; 1 (еден) делегат од областа на хемиската, текстилната и кожарската индустрија; 1 (еден) делегат од областа на земјоделството, водостопанството, прехранбената и тутунската индустрија; 1 (еден) делегат од областа на образованието, науката и културата; 1 (еден) делегат од основните самоуправни организации и заедници; 1 (еден) делегат од здравството и социјалната заштита; 1 (еден) делегат од работните заедници на државните органи, општествено-политичките организации, општествените организации и здруженијата и од другите работни заедници што не се организираат како организации на здружен труд и 1 (еден) делегат од заедниците на работните луѓе што работат со средства на трудот над кои постои право на сопственост заедно со работниците со кои го здружуваат својот труд и средствата на трудот.

Од вкупно 60 делегати на Соборот на здруженото труд при Собранието на општината Прилеп, на седницата присуствувале 53 делегати.

За кандидатот Илија Каревски од Прилеп гласале 53 делегати; за кандидатот м-р Благоја Ѓорѓиовски од Прилеп гласале 53 делегати; за кандидатот Драгица Дамадулевска од Прилеп гласале 53 делегати; за кандидатот Бошко Маневски од Прилеп гласале 53 делегати; за кандидатот Илија Василевски од Прилеп гласале 51 делегати; за кандидатот д-р Светозар Кузманоски од Прилеп гласале 52 делегата; за кандидатот Оливера Сугарев-

ска од Прилеп гласале 53 делегати и за кандидатот Јонче Тополчанец од Варош гласале 53 делегати.

21. Во делегатската единица Пробиштип се избира 1 (еден) делегат и тоа од областа на енергетиката, металургијата, металопреработувачката и електроиндустријата.

Од вкупно 40 делегати на Соборот на здружениот труд при Собранието на општината Пробиштип, на седницата присуствувале 39 делегати.

За кандидатот Ампе Ѓорѓиевски од Пробиштип гласале 36 делегати.

22. Во делегатската единица Радовиш се избира 1 (еден) делегат и тоа од областа на земјоделството, водостопанството, прехранбената и тутунската индустрија.

Од вкупно 51 делегат на Соборот на здружениот труд при Собранието на општината Радовиш, на седницата присуствувале 44 делегати.

За кандидатот Никола Ѓорѓиев од Радовиш гласале 41 делегат.

23. Во делегатската единица Ресен се избира 1 (еден) делегат и тоа од областа на земјоделството, водостопанството, прехранбената и тутунската индустрија.

Од вкупно 60 делегати на Соборот на здружениот труд при Собранието на општината Ресен, на седницата присуствувале 49 делегати.

За кандидатот Јанко Ивановски од Ресен гласале 47 делегати.

24. Во делегатската единица Свети Николе се избира 1 (еден) делегат и тоа од областа на градежништвото, градежните материјали и неметалите.

Од вкупно 50 делегати на Соборот на здружениот труд при Собранието на општината Свети Николе, на седницата присуствувале 45 делегати.

За кандидатот Никола Трајчев од Свети Николе гласале 45 делегати.

25. Во делегатската единица Гази Баба — Скопје се избираат 8 (осум) делегати и тоа: 2 (два) делегата од областа на енергетиката, металургијата, металопреработувачката и електроиндустријата; 2 (два) делегата од областа на хемиската, текстилната и кожарската индустрија; 2 (два) делегата од областа на земјоделството, водостопанството, прехранбената и тутунската индустрија и 2 (два) делегата од областа на сообраќајот и врските.

Од вкупно 70 делегати на Соборот на здружениот труд при Собранието на општината Гази Баба — Скопје, на седницата присуствувале 54 делегати.

За кандидатот Томе Новаковски од Скопје гласале 53 делегати; за кандидатот Никола Антовски од Скопје гласале 54 делегати; за кандидатот Радмила Манчевска од Скопје гласале 54 делегати; за кандидатот Драгица Миланова од Скопје гласале 54 делегати; за кандидатот Цветко Теофиловски од Скопје гласале 54 делегати; за кандидатот Киро Костовски од Скопје гласале 54 делегати; за кандидатот Перо Петрушевски од Скопје гласале 53 делегати и за кандидатот Ратко Стојановски од Скопје гласале 54 делегати.

26. Во делегатската единица Карпош — Скопје се избираат 6 (шест) делегати и тоа: 1 (еден) делегат од областа на енергетиката, металургијата, металопреработувачката и електроиндустријата; 1 (еден) делегат од областа на градежништвото, градежните материјали и неметалите; 1 (еден) делегат од областа на хемиската, текстилната и кожарската индустрија; 1 (еден) делегат од областа на занаетчиството и комуналната дејност; 1 (еден) делегат од областа на образованието, науката и културата и 1 (еден) делегат од самоуправните организации на здравството и социјалната заштита.

Од вкупно 70 делегати на Соборот на здружениот труд при Собранието на општината Карпош — Скопје, на седницата присуствувале 48 делегати.

За делегатот Радосав Стојановиќ од Скопје гласале 47 делегати, за делегатот Стојан Павиќ од Скопје гласале 47 делегати; за кандидатот Славе Геровски од Скопје гласале 48 делегати, верификацијата за овој делегат е одложена за наредната седница; за кандидатот Димче Данаиловски од Скопје гласале 48 делегати; за кандидатот Илија Черепналковски од Скопје гласале 47 делегати и за кандидатот Иван Дуриданов од Скопје гласале 47 делегати.

27. Во делегатската единица Кисела Вода — Скопје се избираат 7 (седум) делегати и тоа: 1 (еден) делегат од областа на градежништвото, градежните материјали и неметалите; 3 (три) делегати од областа на хемиската, текстилната и кожарската индустрија; 1 (еден) делегат од областа на земјоделството, водостопанството, прехранбената и тутунската индустрија; 1 (еден) делегат од областа на занаетчиството и комуналната дејност и еден делегат од заедниците на работните луѓе што работат со средствата на трудот над кои постои право на сопственост заедно со работниците со кои го здружуваат својот труд и средствата.

Од вкупно 66 делегати на Соборот на здружениот труд при Собранието на општината Кисела Вода — Скопје, на седницата присуствувале 57 делегати.

За кандидатот Ристо Торбаков од Скопје гласале 51 делегат; за кандидатот Кире Стаменков од Скопје гласале 54 делегати; за кандидатот Петар Димитровски гласале 55 делегати; за кандидатот Русе Митревски од Скопје гласале 55 делегати; за кандидатот Ѓорѓи Крангов од Скопје гласале 52 делегати; за кандидатот Емри Делија од Скопје гласале 44 делегати и за кандидатот Велчо Петрушевски гласале 52 делегата.

28. Во делегатската единица Центар — Скопје се избираат 14 делегати и тоа: 1 (еден) делегат од областа на градежништвото, градежните материјали и неметали; 1 (еден) делегат од шумарството, дрвната индустрија, индустријата за хартија и графичката дејност; 2 (два) делегати од областа на земјоделството, водостопанството, прехранбената и тутунската индустрија; 1 (еден) делегат од областа на сообраќајот и врските; 2 (два) делегати од областа на трговијата, угостителството и туризмот; 1 (еден) делегат од областа на образованието, науката и културата; 1 (еден) делегат од областа на самоуправните организации и заедници од областа на здравството и социјалната заштита; 2 (два) делегати од работните заедници на државните органи, општествено-политичките организации, општествените организации и здруженијата и од другите работни заедници што не се организираат како организации на здружен труд и 3 (три) делегати од редовите на Југословенската народна армија.

Од вкупно 80 делегати на Соборот на здружениот труд, на седницата присуствувале 62 делегати.

За кандидатот Александар Кочишки гласале 62 делегата; за кандидатот Стојан Јовановски од Скопје гласале 61 делегат; за кандидатот Венцислав Гаќев од Скопје гласале 61 делегат; за кандидатот Никола Јовановски од Скопје гласале 62 делегати; за кандидатот Тимо Ефтимов од Скопје гласале 61 делегат; за кандидатот Јадранка Карделе од Скопје гласале 61 делегат; за кандидатот Борче Петрушевски од Скопје гласале 61 делегат; за кандидатот Симеонка Гучева од Скопје гласале 62 делегата; за кандидатот Милан Јовановски од Скопје гласале 61 делегат; за кандидатот Дане Николовски од Скопје гласале 62 делегати; за кандидатот Виолета Јоанидис од Скопје гласале 60 делегати; за кандидатот Ефтим Петров од Скопје гласале 62 делегата; за кандидатот Душан Паткови́ќ гласале 62 делегата и за кандидатот Коста Георгиевски гласале 62 делегата.

29. Во делегатска единица Чаир — Скопје се избираат 2 (два) делегата и тоа: 1 (еден) делегат од областа на градежништвото, градежните мате-

ријали и неметалите и 1 (еден) делегат од областа на занаетчиството и комуналната дејност.

Од вкупно 60 делегати на Соборот на здружениот труд при Собранието на општината Чаир — Скопје, на седницата присуствувале 43 делегати.

За кандидатот Петар Велковски од Скопје гласале 42 делегати и за кандидатот Лазар Мацаровски од Скопје гласале 41 делегат.

30. Во делегатската единица Струга се избираат 2 (два) делегати и тоа: 1 (еден) делегат од областа на трговијата, угостителството и туризмот и 1 (еден) делегат од основните самоуправни организации од областа на здравството и социјалната политика.

Од вкупно 50 делегати на Соборот на здружениот труд при Собранието на општината Струга, на седницата присуствувале 46 делегати.

За кандидатот Данило Бакрачевски од Струга гласале 45 делегати и за кандидатот Ѓуро Милошевски од Струга гласале 46 делегати.

31. Во делегатската единица Струмица се избираат 5 (пет) делегати и тоа: еден делегат од областа на градежништвото, градежните материјали и неметалите; 1 (еден) делегат од областа на земјоделството, водостопанството, прехранбената и тутунската индустрија; 1 (еден) делегат од областа на трговијата, угостителството и туризмот; 1 (еден) делегат од основните самоуправни организации и заедници од областа на здравството и социјалната заштита и 1 (еден) делегат од заедниците на работните луѓе што работат со средства на трудот над кои постои право на сопственост заедно со работниците со кои го здружуваат својот труд и средствата на трудот.

Од вкупно 70 делегати на Соборот на здружениот труд при Собранието на општината Струмица, на седницата присуствувале 59 делегати.

За кандидатот Никола Бецовски од Струмица гласале 56 делегати; за кандидатот Никола Стојков од Струмица гласале 56 делегати; за кандидатот Димитар Калкашлиев од Струмица гласале 56 делегати; за кандидатот Никола Стефков од Струмица гласале 55 делегати и за кандидатот Ѓорѓи Стоилов од с. Смоларе гласале 54 делегати.

32. Во делегатската единица Тетово се избираат 6 (шест) делегати и тоа: 1 (еден) делегат од областа на енергетиката, металургијата, металопреработувачката и електроиндустријата; 1 (еден) делегат од областа на градежништвото, градежните материјали и неметали; 1 (еден) делегат од областа на трговијата, угостителството и туризмот; 1 (еден) делегат од областа на образованието, науката и културата; 1 (еден) делегат од основните самоуправни организации и заедници од областа на здравството и социјалната заштита и 1 (еден) делегат од заедниците на работните луѓе што работат со средства на трудот над кои постои право на сопственост заедно со работниците кои го здружуваат својот труд и средствата на трудот.

Од вкупно 60 делегати на Соборот на здружениот труд при Собранието на општината Тетово, на седницата присуствувале 53 делегати.

За кандидатот Душко Ѓорѓиевски од Тетово гласале 52 делегати; за кандидатот Драган Павловски од Тетово гласале 51 делегат; за кандидатот Мирко Јовчевски од Тетово гласале 52 делегати; за кандидатот Надица Тодоровска од Тетово гласале 53 делегати; за кандидатот Иса Салиу од Тетово гласале 50 делегати и за кандидатот Мемет Абдуламити од с. Боговиње гласале 53 делегати.

33. Во делегатската единица Титов Велес се избираат 5 (пет) делегати и тоа: 1 (еден) делегат од областа на градежништвото, градежните материјали и неметалите; 1 (еден) делегат од областа на хемиската, текстилната и кожарската индустрија; 1 (еден) делегат од областа на земјоделството, водостопанството, прехранбената и тутунската индустрија; 1 (еден) делегат од областа на сообраќајот и врските и 1 (еден) делегат од заедниците на работните луѓе што работат со средства на трудот над кои постои право на сопственост заедно со работниците со кои го здружуваат својот труд и средствата на трудот.

Од вкупно 70 делегати на Соборот на здружениот труд при Собранието на општината Титов Велес, на седницата присуствувале 57 делегати.

За кандидатот Иван Икономов од Титов Велес гласале 55 делегати; за кандидатот Тодор Босилков од Титов Велес гласале 56 делегати; за кандидатот Јосе Георгиев од Титов Велес гласале 55 делегати; за кандидатот Боро Илиевски од Титов Велес гласале 55 делегати и за кандидатот Зоран Зографски од Титов Велес гласале 42 делегати.

34. Во делегатската единица Штип се избираат 5 (пет) делегати и тоа: 2 (два) делегати од областа на хемиската, тестилната и кожарската индустрија; 1 (еден) делегат од областа на земјоделството, водостопанството, прехранбената и тутунската индустрија; 1 (еден) делегат од областа на трговијата, угостителството и туризмот и 1 (еден) делегат од областа на образованието, науката и културата.

Од вкупно 50 делегати на Соборот на здружениот труд при Собранието на општината Штип, на седницата присуствувале 48 делегати.

За кандидатот Драги Спасов од Штип гласале 48 делегати; за кандидатот Смиља Нешкова од Штип гласале 47 делегати; за кандидатот Момчило Стојанов од Штип гласале 48 делегати; за кандидатот Симеон Хаџитошев од Штип гласале 48 делегати и за кандидатот Јелена Горачинова од Штип гласале 47 делегати.

VII. Според податоците од записниците на општинските изборни комисии произлегува дека сите кандидати за делегати во Соборот на здружениот труд во Собранието на Социјалистичка Република Македонија го добиле потребното мнозинство и со тоа се смета дека се избрани за делегати во овој собор.

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Бр. 27-43
15 април 1982 година
Скопје

Секретар,
Данчо Стојчески, с. р.

Претседател,
Димитар Солев, с. р.

Членови:

1. **Новак Марковски**, с. р.
2. **Томе Несторовски**, с. р.
3. **Васко Костојчиновски**, с. р.

223.

ИЗВЕШТАЈ НА РЕПУБЛИЧКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИЗБОРОТ НА ДЕЛЕГАТИТЕ ВО СОБОРОТ НА ОПШТИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

До Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија
Скопје

Републичката изборна комисија на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, по примањето и разгледувањето на изборните акти од општинските изборни комисии на собранијата на општините во Социјалистичка Република Македонија, врз основа на член 46 во врска со член 168 од Законот за избор на членови на делегациите и на делегатите во собранијата на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ", бр. 41/81), на Соборот на општините му го поднесува следниот

ИЗВЕШТАЈ
ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИЗБОРОТ НА ДЕЛЕГАТИТЕ ВО СОБОРОТ НА ОПШТИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. Изборите на делегати во Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, согласно решението на претседателот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, бр. 08-354 од 10 февруари 1982 година (објавено во „Службен весник на СРМ", бр. 4/82), се одржаа на 13 април 1982 година на заедничките седници на соборите во сите собранија на општините во Социјалистичка Република Македонија, а во Собранието на град Скопје на 19 април 1982 година и тоа за кандидатите чии кандидатури беа огласени од надлежните општински изборни комисии и Градската изборна комисија на Скопје.

II. Со спроведувањето на изборите за избор на делегати во Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, под грижата на Републичката изборна комисија, раководеа општинските изборни комисии и Градската изборна комисија на Скопје.

III. Резултатите од изборот на делегатите во Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија по делегатски единици — општини и град Скопје, ги утврдија општинските изборни комисии и Градската изборна комисија на Скопје на начинот определен во член 32 во врска со член 166 од Законот за избор на членови на делегациите и на делегатите во собранијата на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересни заедници.

IV. Републичката изборна комисија ги прегледа изборните акти што се однесуваат на изборот на делегатите во Соборот на општините и не најде неправилности што би биле од битно влијание на резултатот од изборите.

V. Во собранијата на општините Валандово и Гевгелија од утврдените кандидати на гласањето на заедничката седница на соборите на собранијата не го добиле потребното мнозинство на гласови од сите делегати во соборите на Собранието на општината по 1 кандидат, поради што треба да се извршат повторни избори за избор на по 1 делегат од овие две делегатски единици (точка 4 и 5 од Извештајот).

VI. Резултатите од изборот на делегати во Соборот на општините по делегатски единици — општини и град Скопје се следните:

1. Во делегатската единица Берово од 76 делегати во трите собори на Собранието на општината гласале 62, од кои:

за кандидатот Васил Каширски — 54,
за кандидатот Бранко Дупкарски — 54.
Неважечки гласачки ливчиња 4.

За делегати се избрани Васил Каширски и Бранко Дупкарски, двајцата од Берово, кои добиле мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината.

2. Во делегатската единица Битола од 160 делегати во трите собори на Собранието на општината гласале 140, од кои:

за кандидатот Лилјана Петрова — 131,
за кандидатот Мишко Василевски — 136.
Неважечки гласачки ливчиња нема.

За делегати се избрани Лилјана Петрова и Мишко Василевски, двајцата од Битола, кои добиле мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината.

3. Во делегатската единица Македонски Брод од 69 делегати во трите собори на Собранието на општината гласале 65 од кои:

за кандидатот Слободан Јандрески — 60,
за кандидатот Абиб Салифоски — 60.
Неважечки гласачки ливчиња 5.

За делегати се избрани Слободан Јандрески и Абиб Салифоски, двајцата од Македонски Брод, кои добиле мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината.

4. Во делегатската единица Валандово од 57 делегати во трите собори на Собранието на општината гласале 55, од кои:

за кандидатот Петар Ангов — 45,
за кандидатот Илија Павловски — 23.
Неважечки гласачки ливчиња 2.

За делегат е избран Петар Ангов од Валандово кој добил мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината, додека за делегат не е избран кандидатот Илија Г зловски, бидејќи не го добил мнозинството од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината.

Врз основа на член 36, во врска со член 32 став 1 и член 38 став 1 и 3 од Законот за избор на членови на делегациите и на делегатите во собранијата на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересни заедници, Општинската изборна комисија за избор на делегати во соборите на Собранието на Социјалистичка Република Македонија ќе распише повторни избори за избор на еден делегат од оваа делегатска единица, ќе го определи денот на нивното одржување и денот од кога почнуваат да течат роковите на изборните дејствија. За резултатите од овој избор Републичката изборна комисија ќе поднесе дополнителен извештај.

5. Во делегатската единица Виница од 80 делегати во трите собори на Собранието на општината гласале 67, од кои:

за кандидатот Благој Бојаџиски — 50,
за кандидатот Младен Петров — 61.
Неважечки гласачки ливчиња нема.

За делегати се избрани Благој Бојаџиски и Младен Петров, двајцата од Виница, кои добиле мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината.

6. Во делегатската единица Гевгелија од 96 делегати во трите собори на Собранието на општината гласале 88, од кои:

за кандидатот Илија Дуев — 86,
за кандидатот Ружа Ѓавочанова — 46.
Неважечки гласачки ливчиња 2.

За делегат е избран Илија Дуев од Гевгелија, кој добил мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината, додека за делегат не е избран кандидатот Ружа Ѓавочанова, бидејќи не го добила мнозинството од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината.

Врз основа на член 36 во врска со член 32 став 1 и член 38 став 1 и 3 од Законот за избор на членови на делегациите и на делегатите во собранијата на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересни заедници, Општинската изборна комисија за избор на делегати во соборите на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, ќе распише повторни избори за избор на еден делегат од оваа делегатска единица, ќе го определи денот на нивното одржување и денот од кога почнуваат да течат роковите на изборните дејства. За резултатите од овој избор Републичката изборна комисија ќе поднесе дополнителен извештај.

7. Во делегатската единица Гостивар од 140 делегати во трите собори на Собранието на општината гласале 122, од кои:

за кандидатот Гере Герасимовски — 119,
за кандидатот Методија Стефановски — 118.
Неважечки гласачки ливчиња 2.

За делегати се избрани Гере Герасимовски и Методија Стефановски, двајцата од Гостивар, кои добиле мнозинство од гласовите на сите собори на Собранието на општината.

8. Во делегатската единица Дебар од 100 делегати во трите собори на Собранието на општината гласале 90, од кои:

за кандидатот Рамазан Пахуми — 88,

за кандидатот Рашип Абазовски — 83.
Неважечки гласачки ливчиња 1.

За делегати се избрани Рамазан Пахуми од Дебар и Рашип Абазовски од село Отишани — Дебарско, кои добиле мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината.

9. Во делегатската единица Делчево од 91 делегат во трите собори на Собранието на општината гласале 87, од кои:
за кандидатот Иван Иванов — 75,
за кандидатот Ванчо Стојковски — 67.
Неважечки гласачки ливчиња 10.

За делегати се избрани Иван Иванов и Ванчо Стојковски, двајцата од Делчево, кои добиле мнозинство од гласовите на сите собори на Собранието на општината.

10. Во делегатската единица Демир Хисар од 81 делегати на трите собори на Собранието на општината гласале 71, од кои:
за кандидатот Стеван Коруновски — 57,
за кандидатот Борис Пејковски — 59.
Неважечки гласачки ливчиња 10.

За делегати се избрани Стеван Коруновски од Битола и Борис Пејковски од Демир Хисар, кои добиле мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината.

11. Во делегатската единица Кавадарци од 127 делегати на трите собори на Собранието на општината гласале 99, од кои:
за кандидатот Александар Роглев — 94,
за кандидатот Диме Милков — 92.
Неважечки гласачки ливчиња 5.

За делегати се избрани Александар Роглев и Диме Милков, двајцата од Кавадарци, кои добиле мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината.

12. Во делегатската единица Кочани од 139 делегати на трите собори на Собранието на општината гласале 116, од кои:
за кандидатот д-р Иван Серафимов — 110,
за кандидатот Виктор Равњак — 105.
Неважечки гласачки ливчиња нема.

За делегати се избрани д-р Иван Серафимов и Виктор Равњак, двајцата од Кочани, кои добиле мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината.

13. Во делегатската единица Кичево од 120 делегати на трите собори на Собранието на општината гласале 109, од кои:
за кандидатот Вецко Аврамовски — 107,
за кандидатот Фазлија Мислимоски — 104.
Неважечки гласачки ливчиња 1.

За делегати се избрани Вецко Аврамовски од Кичево и Фазлија Мислимоски од село Мамудовци — Кичевско, кои добиле мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината.

14. Во делегатската единица Крива Паланка од 101 делегати на трите собори на Собранието на општината гласале 89, од кои:
за кандидатот Љубен Стефановски — 65,
за кандидатот Стојко Ивановски — 78.
Неважечки гласачки ливчиња 9.

За делегати се избрани Љубен Стефановски и Стојко Ивановски, двајцата од Крива Паланка, кои добиле мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината.

15. Во делегатската единица Кратово од 79 делегати на трите собори на Собранието на општината гласале 69, од кои:
за кандидатот Јордан Јовановски — 66,
за кандидатот Душко Павловски — 57.
Неважечки гласачки ливчиња 1.

За делегати се избрани Јордан Јовановски и Душко Павловски, двајцата од Кратово, кои добиле мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината.

16. Во делегатската единица Крушево од 100 делегати на трите собори на Собранието на општината гласале 86, од кои:
за кандидатот Коста Аргировски — 84,
за кандидатот Крсто Благадуша — 81.
Неважечки гласачки ливчиња 1.

За делегати се избрани Коста Аргировски и Крсто Благадуша, двајцата од Крушево, кои добиле мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината.

17. Во делегатската единица Куманово од 159 делегати во трите собори на Собранието на општината гласале 143, од кои:
за кандидатот Станко Младеновски — 134,
за кандидатот Хаки Бедиу — 137.
Неважечки гласачки ливчиња нема.

За делегати се избрани Станко Младеновски и Хаки Бедиу, двајцата од Куманово, кои добиле мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината.

18. Во делегатската единица Неготино од 110 делегати на трите собори на Собранието на општината гласале 102, од кои:
за кандидатот Тодор Димов — 101,
за кандидатот Боро Мицов — 99.
Неважечки гласачки ливчиња нема.

За делегати се избрани Тодор Димов и Боро Мицов, двајцата од Неготино, кои добиле мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината.

19. Во делегатската единица Охрид од 122 делегати на трите собори на Собранието на општината гласале 118, од кои:
за кандидатот Васка Поповска — 117,
за кандидатот Методија Кепески — 117.
Неважечки гласачки ливчиња 1.

За делегати се избрани Васка Поповска и Методија Кепески, двајцата од Охрид, кои добиле мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината.

20. Во делегатската единица Прилеп од 110 делегати на трите собори на Собранието на општината гласале 103, од кои:
за кандидатот Кирил Цветаноски — 98,
за кандидатот Петар Кузманоски — 94.
Неважечки гласачки ливчиња 2.

За делегати се избрани Кирил Цветаноски и Петар Кузманоски, двајцата од Прилеп, кои добиле мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината.

21. Во делегатската единица Пробиштип од 80 делегати на трите собори на Собранието на општината гласале 76, од кои:
за кандидатот Ѓеоргие Мишевски — 68,
за кандидатот Трајче Ѓорѓиев — 69.
Неважечки гласачки ливчиња 5.

За делегати се избрани Ѓеоргие Мишевски и Трајче Ѓорѓиев, двајцата од Пробиштип, кои добиле мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината.

22. Во делегатската единица Радовиш од 105 делегати на трите собори на Собранието на општината гласале 96, од кои:
за кандидатот Љубомир Даов — 91,
за кандидатот Петар Трајанов — 85.
Неважечки гласачки ливчиња 5.

За делегати се избрани Љубомир Даов и Петар Трајанов, двајцата од Радовиш, кои добиле мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината.

23. Во делегатската единица Ресен од 120 делегати на трите собори на Собранието на општината гласале 103, од кои:
за кандидатот Крсте Секуловски — 89,
за кандидатот Сабит Кранли — 89.
Неважечки гласачки ливчиња 14.

За делегати се избрани Крсте Секуловски и Сабит Кранли, двајцата од Ресен, кои добиле мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината.

24. Во делегатската единица Свети Николе од 110 делегати на трите собори на Собранието на општината гласале 101. од кои:

за кандидатот Томислав Данев — 99,

за кандидатот Стојан Гилев — 99.

Неважечки гласачки ливчиња 2.

За делегати се избрани Томислав Данев и Стојан Гилев, двајцата од Свети Николе, кои добиле мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината.

25. Во делегатската единица Гази Баба од 140 делегати на трите собори на Собранието на општината гласале 109, од кои:

за кандидатот Цветан Аврамовски — 109,

за кандидатот Перо Илиевски — 109.

Неважечки гласачки ливчиња нема.

За делегати се избрани Цветан Аврамовски и Перо Илиевски, двајцата од Скопје, кои добиле мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината.

26. Во делегатската единица Карпош од 140 делегати на трите собори на Собранието на општината гласале 115, од кои:

за кандидатот Славка Арсова — 115,

за кандидатот Јанко Обочки — 114.

Неважечки гласачки ливчиња нема.

За делегати се избрани Славка Арсова и Јанко Обочки, двајцата од Скопје, кои добиле мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината.

27. Во делегатската единица Кисела Вода од 140 делегати на трите собори на Собранието на општината гласале 123, од кои:

за кандидатот Александар Николовски — 119,

за кандидатот Душко Нешовски — 120.

Неважечки гласачки ливчиња 1.

За делегати се избрани Александар Николовски и Душко Нешовски, двајцата од Скопје, кои добиле мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината.

28. Во делегатската единица Центар од 160 делегати на трите собори на Собранието на општината гласале 136, од кои:

за кандидатот Негре Новаковски — 134,

за кандидатот Сервет Салиу — 127.

Неважечки гласачки ливчиња нема.

За делегати се избрани Негре Новаковски и Сервет Салиу, двајцата од Скопје, кои добиле мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината.

29. Во делегатската единица Чаир од 120 делегати на трите собори на Собранието на општинала гласале 100, од кои:

за кандидатот Неде Таневски — 97,

за кандидатот Рамадан Мамут — 91.

Неважечки гласачки ливчиња 1.

За делегати се избрани Неде Таневски и Рамадан Мамут, двајцата од Скопје, кои добиле мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината.

30. Во делегатската единица Струга од 120 делегати во трите собори на Собранието на општината гласале 110, од кои:

за кандидатот Ристо Милески — 106,

за кандидатот Мемеди Ајредин — 94.

Неважечки гласачки ливчиња 4.

За делегати се избрани Ристо Милески и Мемеди Ајредин, двајцата од Струга, кои добиле мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината.

31. Во делегатската единица Струмица од 144 делегати на трите собори на Собранието на општината гласале 130, од кои:

за кандидатот Димитар Стојков — 122,

за кандидатот Паце Малушевски — 127.

Неважечки гласачки ливчиња 2.

За делегати се избрани Димитар Стојков и Паце Малушевски, двајцата од Струмица, кои добиле мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината.

32. Во делегатската единица Тетово од 120 делегати на трите собори на Собранието на општината гласале 99, од кои:

за кандидатот Јован Наумовски — 94,

за кандидатот Хицет Рамадани — 93.

Неважечки гласачки ливчиња нема.

За делегати се избрани Јован Наумовски од село Вратница — Тетовско и Хицет Рамадани од Тетово, кои добиле мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината.

33. Во делегатската единица Титов Велес од 139 делегати на трите собори на Собранието на општината гласале 115, од кои:

за кандидатот Стево Ќулумов — 112,

за кандидатот Трајче Џалев — 114.

Неважечки гласачки ливчиња 1.

За делегати се избрани Стево Ќулумов и Трајче Џалев, двајцата од Титов Велес, кои добиле мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината.

34. Во делегатската единица Штип од 100 делегати на трите собори на Собранието на општината гласале 93, од кои:

за кандидатот Михаил Данев, 91,

за кандидатот Кирило Шалев — 91.

Неважечки гласачки ливчиња нема.

За делегати се избрани Михаил Данев и Кирило Шалев, двајцата од Штип, кои добиле мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината.

35. Во делегатската единица Град Скопје од 180 делегати на трите собори на Собранието на град Скопје гласале 137, од кои:

за кандидатот д-р Трајче Грујоски 137,

за кандидатот Методи Антов — 135.

Неважечки гласачки ливчиња ———.

За делегати се избрани д-р Трајче Грујоски и Методи Антов, двајцата од Скопје, кои добиле мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на град Скопје.

VII. На избраните делегати во Соборот на општините, во смисла на член 166 став 2 од Законот за избор на членови на делегациите и на делегатите во собранијата на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересни заедници, претседателите на собранијата на општините, односно претседателот на Собранието на град Скопје, им издадоа уверение дека се избрани за делегати.

VIII. Во прилог кон овој извештај Ви се доставуваат изборните акти што се однесуваат на изборот на делегати во Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Бр. 27-42
15 април 1982 година
Скопје

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Секретар,
Данчо Стојчески, с. р.

Претседател,
Димитар Солев, с. р.

Членови:

1. **Новак Марковски**, с. р.
2. **Васко Костојчиноски**, с. р.
3. **Томе Несторoски**, с. р.

224.

ИЗВЕШТАЈ НА РЕПУБЛИЧКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИЗБОРИТЕ НА ДЕЛЕГАТИТЕ ВО ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

До Општествено-политичкиот собор
на Собранието на СР Македонија

Републичката изборна комисија на Собранието на Социјалистичка Република Македонија ги прими изборните акти од претседателите на општествено-политичките собори на собранијата на општините во СРМ и откако истите ги разгледа во смисла на член 46 став 1 точка 4 од Законот за избор на членови на делегации и на делегати во општествено-политичките заедници и на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ", бр. 41/82), на Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ му го поднесува следниот

ИЗВЕШТАЈ
ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИЗЈАСНУВАЊАТА НА ДЕЛЕГАТИТЕ ВО ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ СОБОРИ НА СОБРАНИЈАТА НА ОПШТИНИТЕ ЗА ИЗБОР НА ДЕЛЕГАТИ ВО ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

I. Изјаснувањето на делегатите во општествено-политичките собори на собранијата на општините за избор на делегати во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ е извршено согласно решението број 08-354 од 10 февруари 1982 година на претседателот на Собранието на СРМ за распишување избори за делегати во Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ", бр. 41/81), на ден 13 април 1982 година, а по Листата за утврдените кандидати за делегати од Републичката кандидациона конференција која е огласена од Републичката изборна комисија.

II. Изјаснувањето на делегатите во општествено-политичките собори на собранијата на општините е извршено согласно Законот за избор на членови на делегации и на делегати во општествено-политичките заедници, во сите собранија на општините во Социјалистичка Република Македонија и според утврдената Листа на кандидатите за делегати.

III. Според изборните акти Републичката изборна комисија утврди дека предложените кандидати за делегати за Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ добиле мнозинство на гласови во сите општествено-политички собори на собранијата на општините во СРМ.

Од вкупниот број делегати во општествено-политичките собори на собранијата во општините во СРМ — 983 за кандидатите се изјасниле:

1. Јумлеровска Ѓулистана	860	делегати
2. Арсениевска-Темелковска Бранкица	863	„
3. Мојановски Цане	872	„
4. Сиљановски Иван	865	„
5. Арнаудовски Миле	871	„
6. Мицковски Момчило	865	„
7. Вуличевиќ Лила	863	„
8. Ивановски Љупчо	866	„
9. Паскалов Трифун	865	„
10. Шаиновски Слободан	841	„
11. Станковски Венче	845	„
12. Тасковски Киро	861	„
13. Миркуловски Панче	866	„
14. Божикова Милка	867	„
15. Зелениковски Зоран	866	„
16. Карахасан-Бошковска Дрита	854	„
17. Магдевски Живко	866	„
18. Стрезовска Горица	863	„
19. Арсов Михајло	868	„
20. Гацовски Саве	866	„
21. Донев Александар	864	„
22. Николовски Драган	866	„
23. Петровски Предраг	846	„
24. Шумански Бранко	870	„
25. Близнаковски Ванчо	862	„
26. Гавриш Ксенија	860	„
27. Петровска Лепосава	873	„
28. Поповски Владо	871	„
29. Сотировски-Строгов Киро	872	„
30. Тасевски Павле	866	„
31. Георгиевски Павле	865	„
32. Зулфикари Азем	848	„
33. Спировски Спирко	854	„
34. Асани Фуад	847	„
35. Кочовска-Цветковиќ Фана	866	„
36. Трајковски Живко	861	„
37. Нелковски Крсте	862	„
38. Самоников Љупчо	857	„
39. Азири Веби	836	„
40. Богдански Јездимир	851	„
41. Велица Баудин	851	„
42. Ицев Ацо	867	„
43. Поповски Стојмир	863	„
44. Џундев Петар	868	„
45. Гечевски Глигор	863	„
46. Тупаров Васил	858	„
47. Балаш Шпреса	842	„
48. Крлиу Мети	843	„
49. Лахтова Ката	849	„
50. Муареми Џемаил	837	„
51. Теговски Васко	859	„
52. Мимидиновска Афродита	857	„
53. Георгиева-Андреевиќ Славка	863	„
54. Станковски Бошко	865	„
55. Даути Инает	836	„
56. Нурединоски Мемед	838	„
57. Керим Асан	827	„
58. Папеш Томислав	854	„
59. Вељковиќ Душан	857	„
60. Идризи Идриз	825	„

IV. Врз основа на наведените резултати од изјаснувањето на делегатите во Општествено-политичкиот собор на собранијата на општините и одредбите од член 174 а во врска со член 33 став 2 од Законот за избор на членови на делегации и на делегати во собранијата на општествено-политичките заедници, Републичката изборна комисија утврди дека за делегати во Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избрани:

1. Јумлеровска Ѓулистана
2. Арсениевска-Темелковска Бранкица
3. Мојановски Цане
4. Сиљановски Иван
5. Арнаудовски Миле
6. Мицковски Момчило
7. Вуличевиќ Лила
8. Ивановски Љупчо
9. Паскалов Трифун
10. Шаиновски Слободан
11. Станковски Венче
12. Тасковски Киро
13. Миркуловски Панче
14. Божикова Милка
15. Зелениковски Зоран
16. Карахасан-Бошковска Дрита
17. Магдевски Живко
18. Стрезовска Горица
19. Арсов Михајло
20. Гацовски Саве
21. Донев Александар
22. Николовски Драган
23. Петровски Предраг
24. Шумански Бранко
25. Близнаковски Ванчо
26. Гавриш Ксенија

27. Петровска Лепосава
28. Поповски Владо
29. Сотировски-Строгов Киро
30. Тасевски Павле
31. Георгиевски Павле
32. Зулфикари Азем
33. Спировски Спирко
34. Асани Фуад
35. Кочовска-Цветковиќ Фана
36. Трајковски Живко
37. Нелковски Крсте
38. Самоников Љупчо
39. Азири Веби
40. Богдански Јездимир
41. Велица Баудин
42. Ицев Ацо
43. Поповски Стојмир
44. Цундев Петар
45. Гечевски Глигор
46. Туџаров Васил
47. Балаш Шпреса
48. Крлиу Мети
49. Лахтова Ката
50. Муареми Џемаил
51. Теговски Васко
52. Мимидиновска Афродита
53. Ѓеоргиева-Андреевиќ Славка
54. Станковски Бошко
55. Даути Инает
56. Нурединоски Мемед
57. Керим Асан
58. Папеш Томислав
59. Вељковиќ Душан
60. Идризи Идриз

V. На избраните делегати во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ, Републичката изборна комисија, во смисла на член 174 став 4 од Законот за изборите, им издаде уверение дека се избрани за делегати во Општествено-политичкиот собор.

VI. Во прилог на овој извештај се доставуваат изборните акти за изјаснувањето на делегатите во општествено-политичките собори на собранијата на општините за изборот на делегати во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ.

Бр. 27-41
15 април 1982 година
Скопје

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Секретар,
Данчо Стојчески, с. р.

Претседател,
Димитар Солев, с. р.

Членови:

1. **Новак Марковски**, с. р.
2. **Васко Костојчиноски**, с. р.
3. **Томе Несторовски**, с. р.

225.

Врз основа на член 5 од Законот за условите и начинот на користењето на средствата на солидарноста за отстранување на последиците од елементарни непогоди во Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ", бр. 18/76 и 30/77), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

ОДЛУКА
ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА СОЛИДАРНОСТА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ

Член 1

Од средствата на солидарноста на Социјалистичка Република Македонија за отстранување на последиците од елементарни непогоди во 1979 и 1981 година се доделуваат средства и тоа на:

1. Општина Кратово — 4,41 милиони динари,
2. Општина Ресен — 8,65 милиони динари,
3. Општина Карпош — 10,00 милиони динари.

Член 2

Средствата на солидарноста од членот 1 од оваа одлука на општините им се даваат без обврска на враќање.

Член 3

Средствата на солидарноста од членот 1 точка 3 од оваа одлука на општината ѝ се даваат за отстранување на последиците од елементарната непогода — поплавата во 1979 година на срушените мостови.

Член 4

Средствата на солидарноста од член 1 на оваа одлука општините ќе им ги даваат на организациите на здружен труд што претрпеле штета според критериумите што тие ќе ги утврдат.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по нејзиното објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-804/1
22 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Благој Попов, с. р.

226.

Врз основа на член 95 од Законот за патишта („Службен весник на СРМ", бр. 15/80 и 26/80), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

ОДЛУКА
ЗА ВИСИНАТА НА ПОСЕБНИОТ НАДОМЕСТОК ШТО СЕ ПЛАЌА ЗА ДРУМСКИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА

Член 1

Со оваа одлука се пропишува висината на посебниот надоместок што се плаќа за друмските моторни возила за давање техничка помош и информации на моторизираните учесници во сообраќајот и на јавните патишта, за отстранување од јавните патишта на оштетените возила и возилата во дефект, како и за други работи од значење за непречено и безбедно одвивање на сообраќајот на јавните патишта.

Член 2

Посебниот надоместок што се плаќа за друмските моторни возила изнесува:

1. за патничките автомобили, автобусите и товарните моторни возила — 100 динари,
2. за мотоциклите — 20 динари.

Член 3

Посебниот надоместок се плаќа при регистрацијата на друмските моторни возила.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-834/1
27 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Благој Попов, с. р.

227.

Врз основа на член 16 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1982 година („Службен весник на СРМ", бр. 42/81), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

ОДЛУКА
ЗА КОМПЕНЗАЦИЈА НА ЦЕНИТЕ НА УСЛУГИТЕ НА ЖИЧАРНИЦИТЕ ВО СР МАКЕДОНИЈА ЗА 1982 ГОДИНА

1. Средствата за компензација на цените на услугите на жичарниците во СР Македонија за 1982 година се утврдуваат во износ на амортизацијата утврдена со применување на пропишаните минимални стапки според завршната сметка за претходната година.

2. Компензацијата од точка 1 на оваа одлука ќе се исплатува од средствата предвидени во Републичкиот буџет за 1982 година (раздел 69, позиција 607).

Средствата од став 1 на оваа точка се даваат без обврска за враќање.

3. Барањето за исплата на компензацијата се поднесува до Републичкиот секретаријат за финансии, кој ја извршува оваа одлука.

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-848/1
27 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Благој Попов, с. р.

228.

Врз основа на член 16, став 1 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1982 година („Службен весник на СРМ", бр. 42/81), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

ОДЛУКА
ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ ВАЖНОСТА НА ОДЛУКАТА ЗА КОМПЕНЗАЦИЈА НА ЦЕНАТА НА ПРЕСНОТО КРАВЈО МЛЕКО

1. Одлуката за компензација на цената на пресното кравјо млеко („Службен весник на СРМ", бр. 35/81) престанува да важи на 30. IV. 1982 година.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-864/1
27 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Благој Попов, с. р.

229.

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ", бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

1. За советник на републичкиот секретар за внатрешни работи се назначува д-р Јордан Спасески, директор на Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 17-762/1
8 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Благој Попов, с. р.

230.

Врз основа на член 16 став 1 од Законот за Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита („Службен весник на СРМ", бр. 30/77), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ЦЕНТАРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА КАДРИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ОПШТЕСТВЕНА САМОЗАШТИТА

1. За директор на Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита се именува Стојан Ристов, заменик начелник на Секторот за аналитика во Републичкиот секретаријат за внатрешни работи.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 17-765/1
8 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Благој Попов, с. р.

231.

Врз основа на член 16 став 1 од Законот за Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита („Службен весник на СРМ", бр. 30/77), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ ДИРЕКТОР НА ЦЕНТАРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА КАДРИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ОПШТЕСТВЕНА САМОЗАШТИТА

1. Се разрешува од должност директор на Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита д-р Јордан Спасески, поради назначување на друга должност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 17-766/1
8 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Благој Попов, с. р.

232.

Врз основа на член 57 став 2 од Законот за заштита на спомениците на културата („Службен весник на СРМ". бр. 24/73), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА

I. Се разрешуваат претставниците на општествената заедница на Советот на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, поради истек на мандатот:

1. д-р Цветан Грозданов,
2. инж. арх. Живко Поповски,
3. Тоде Саздовски — Мали.

II. За претставници на општествената заедница на Советот на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата се именуваат:

1. Ратка Бакалиноска, помошник на републичкиот секретар за информации,
2. Никола Тодоровски, стручен соработник во Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Македонија,
3. Ристо Шанев, советник на републичкиот секретар за меѓународни односи.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 17-767/1
8 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Благој Попов, с. р.

233.

Врз основа на член 9 од Законот за основање Завод за геодетски и фотограметриски работи („Службен весник на СРМ", бр. 9/77), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ЗАВОДОТ ЗА ГЕОДЕТСКИ И ФОТОГРАМЕТРИСКИ РАБОТИ ВО СКОПЈЕ

1. Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија дава согласност на Одлуката на Советот на Заводот за геодетски и фотограметриски работи со која за директор на Заводот е именуван м-р Борис Пауновски, досегашен директор на Заводот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 17-838/1
22 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Благој Попов, с. р.

234.

Уставниот суд на Македонија, врз основа на членот 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата по јавната расправа одржана на 1 април 1982 година, донесе

ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Одлуката за одредување на личен доход на извршителите на работите односно работните задачи на комерцијален директор и стручен советник, донесена од Работничкиот совет на Работната организација за производство на кожи и кожна конфекција „Методи Митевски — Брицо" од Делчево, на седницата од 5 март 1982 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Работната организација за производство на кожи и кожна конфекција „Методи Митевски — Брицо" на начинот предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 126/81 од 30 декември 1981 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на оспорената одлука означена во точката 1 на оваа одлука, затоа што основно се постави прашањето за нејзината согласност со ставот 1 на член 23 од Уставот на СР Македонија и за нејзината спротивност со ставот 1 на член 127 од Законот за здружениот труд.

4. Разгледувајќи ја оспорената одлука во текот на постапката и на јавната расправа, Судов утврди: дека таа е донесена од Работничкиот совет на Работната организација на седницата од 5 март 1982 година, дека со неа е определен личниот доход на комерцијалниот директор и стручниот советник; дека во самоуправниот општ акт за систематизација, работите и работните задачи на стручниот советник воопшто не се предвидени и не се вреднувани; и дека личниот доход на стручниот советник со оспорената одлука е определен во фиксен износ. Исто така Судот утврди дека во актот за систематизација се предвидени работи и работни задачи на комерцијален директор, но поради тоа што личниот доход на пријавениот кандидат по конкурсот не му одговарал, работничкиот совет со оспорената одлука и за него утврдил личен доход во фиксен износ, т. е. личен доход независно од основите и мерилата предвидени во правилникот за стекнување и распоредување на доходот и распределба на средствата за лични доходи и средствата за заедничка потрошувачка.

5. Според ставот 1 на член 23 од Уставот на СР Македонија и ставот 1 на член 127 од Законот за здружениот труд работниците во основните организации на здружениот труд се должни да ги утврдат основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи. Според членот 463 од Законот за здружениот труд, пак, работниците со референдум, меѓу другото, одлучуваат за основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи. Со оглед на тоа што оспорената одлука е донесена од работничкиот совет, а не непосредно од работниците со референдум и што личниот доход на извршителот на работите и работните задачи на комерцијалниот директор и на стручниот советник е определен во фиксен износ, Судот смета дека оспорената одлука не е во согласност со означените уставни и законски одредби.

На основа изнесеното Судов одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 126/81.
1 април 1982 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
Гога Николовски, с. р.

235.

Уставниот суд на Македонија, на основа членот 433 од Уставот на СР Македонија, членот 15, алинеја 2 и членот 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 25 март 1982 година, донесе

ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА членот 19 од Правилникот за распоредување на доходот и чистиот доход и распределба на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка на работниците во Централното основно училиште „Кирил и Методиј" во Свети Николе, донесен со референдум на 15 мај 1981 година, во делот во кој на наставниците со виша и висока стручна подготовка аконтацијата на личниот доход по основот сложеност им се зголемува за 200 бода.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Централното основно училиште „Кирил и Методиј" во Свети Николе на начинот предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 129/81 од 24 декември 1981 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на оспорената одредба од актот означен во точката 1 на оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за нејзината согласност со начелото на распределба според трудот и нејзината спротивност со ставот 3 на член 129 од Законот за здружениот труд.

4. Во текот на постапката и на седницата разгледувајќи го оспорениот член 19 од правилникот, во кој е извршено вреднување на работите и работните задачи во одделенската и предметната настава, Судов утврди дека во него е предвидено на наставниците со виша и висока стручна подготовка, аконтацијата на личниот доход по основот сложеност да им се зголеми за 200 бода.

5. Согласно начелото на распределба според трудот, утврдено во членот 22 од Уставот на СР Македонија и според ставот 1 на член 126 од Законот за здружениот труд, на секој работник му припаѓа од доходот на основната организација на здружениот труд личен доход за задоволување на неговите лични, заеднички и општи општествени потреби според резултатите од неговиот личен придонес што со својот тековен и минат труд го дал во зголемувањето на доходот на основната организација. Од друга страна, според ставот 3 на член 129 од овој закон, придонесот на работникот во работата се утврдува зависно од квалитетот и квантитетот на работата, земајќи го предвид особено обемот и сложеноста на работата, квалитетот на остварените резултати од трудот, успешноста во користењето на средствата на трудот, остварените заштеди во работата, користењето на работното време, одговорноста во работата и условите под кои работи работникот.

Со оспорениот дел на член 19 од правилникот на училиштето стручната подготовка е предвидена како посебен основ за распределба на средствата за личен доход иако таа, според мислењето на Судов, веќе е вреднувана преку основот сложеност на работите и работните задачи во одделенската и во предметната настава.

Со оглед на тоа што предвидувањето на стручната подготовка како самостоен основ и што предвидувањето на нејзино одделно вреднување вон од основот сложеност на работите и работните задачи не е во согласност со начелото на распределба според трудот и е во спротивност со ставот 3 на член 129 од Законот за здружениот труд, Судов утврди дека членот 19 од правилникот, во неговиот оспорен дел, не е во согласност со означените уставни и законски одредби.

На основа изнесеното Судов одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 129/81
25 март 1982 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
Гога Николовски, с. р.

ОПШТЕСТВЕНИ ДОГОВОРИ И САМОУПРАВНИ СПОГОДБИ

243.

Врз основа на членовите 139, 142 и 299 точка 6 од Уставот на СР Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, собранијата на општините, Републичката конференција на ССММ, Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија, Стопанската комора на Македонија, Задружниот сојуз на Македонија, Стопанската банка — Здружена банка — Скопје со основните банки и деловни единици, Основната банка „Југобанка" — Скопје, Основна банка — Љубљанска банка, ЈИК банка и Инвест банка, Основната земјоделска банка, Републичкиот фонд за кредитирање на позабрзаниот развој на стопански недоволно развиените краишта, републичките самоуправни интересни заедници за економски односи со странство, за образование, наука, култура, физичка култура, социјална заштита и здравствено осигурување, општествена заштита на децата, вработување и самоуправните интересни заедници за патишта и искористување на пасишта и утрини, за поштенско-телеграфски и телефонски сообраќај, за водостопанство, Советот за унапредување на индивидуалното земјоделство, Здружениот земјоделско-прехранбен комбинат „Македонија", Сложената организација „Електростопанство" на Македонија, Советот за истражувачки работи во рударството и Земјоделскиот факултет — Скопје, склучуваат

ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР

ЗА ПОЗАБРЗАН РАЗВОЈ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ПОДРАЧЈА ВО РИДСКО-ПЛАНИНСКИТЕ РЕОНИ И ГРАНИЧНИОТ ПОЈАС ВО СР МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1981 ДО 1985 ГОДИНА

Член 1

Остварувањето на позабрзан развој на подрачјата во определените ридско-планински реони и граничниот појас, поради стопанското и геостратешкото значење, претставува основна задача и претпоставка за порамномерен развој на Социјалистичка Република Македонија.

Природните богатства на овие подрачја овозможуваат производство на одделни видови храна и суровини и заедно со големите неискористени водни потенцијали претставуваат поволна материјална претпоставка за остварување на позабрзан развој преку промена на структурата во земјоделското и индустриското производство, повисока валоризација на природните богатства и развој на терцијалните дејности.

Позабрзан развој ќе се остварува преку интегрално поврзување со останатото подрачје на Републиката, преку непосредна иницијатива на здружениот труд, како и со реализација на посебните програми на општините и други потписници на овој договор.

Член 2

Учесниците на Договорот се согласни да создаваат услови и да обезбедат реализација на политиката на позабрзан развој на определените подрачја во ридско-планинските реони и граничниот појас во согласност со Општествениот план за развој на СР Македонија за периодот од 1981 до 1985 година и врз основа на програмите на општините и другите потписници на овој договор.

Член 3

За ридско-планински реони се сметаат населбите и катастарските општини кои се наоѓаат на повисока надморска височина, а кои по својот стопански, геостратешки и општествено-политички значај се од посебен интерес за Републиката.

За граничен појас се сметаат населбите што се наоѓаат до 10 км од граничната линија на Социјалистичка Република Македонија, освен населбите кои по своите демографски и стопански карактеристики имаат тенденции на висок пораст на стопанска активност.

Населбите и населбите — рурални центри во овие подрачја на кои ќе се применуваат мерките за нивниот позабрзан развој, утврдени со овој договор, се дадени во Прегледот, што е негов составен дел.

Член 4

За остварување на политиката за позабрзан развој на подрачјата во ридско-планинските реони и граничниот појас, договорено е да се преземаат следните мерки и активности:

— позабрзан стопански развој врз основа на рационално искористување на соодветните стопански извори и други развојни фактори, како и со активно учество на стопанството од останатото подрачје. За таа цел ќе се поттикнуваат стопански вложувања за развој и унапредување на земјоделското производство, за ширење и модернизација на постојните и изградба на нови индустриски објекти, за развој на терцијалните стопански дејности, особено на малото стопанство и туризмот и модернизација на селските домаќинства;

— позабрзан развој на инфраструктурата, со понагласено решавање на комуналните потреби, а особено изградба на патишта, обезбедување со електрична енергија, вода за пиење, изградба на мали акумулации;

— подобрување на условите за образование и воспитување, здравство и здравствено осигурување, култура, техничка култура и физичка култура, со цел за зголемување на работната способност и создавање поповолни услови за живот и работа на населението од овие подрачја.

Ова ќе се остварува по пат на здружување на средства за развој на стопанството, инфракструктурата и општествените дејности врз основа на општествено договарање и самоуправно спогодување, со почитување на начелото на солидарност.

Член 5

За поттикнување на позабрзан развој на подрачјата од член 3 на овој договор Републиката ќе врши насочување на дел од средствата за долгорочни вложувања, ќе применува мерки од економската политика и ќе презема други активности.

1. Инвестициите вложувања кои се остваруваат во определените подрачја на ридско-планинските реони и граничниот појас ќе бидат поддржувани со средствата на фондот на Федерацијата, во износ до 20%, а во стопански недоволно развиените општини до 25% од пресметковната вредност, а дел ќе се обезбеди и по основ на здружување.

2. Инвестициите вложувања во општественото и индивидуалното стопанство што ќе се остваруваат во подрачјата од член 3 на овој договор, ќе се остваруваат по поволни услови (подолг рок на отплата, смалено учество на инвеститорите, бенефицирана камата и друго).

Намените на инвестициите вложувања за кои ќе се бенефицира каматата, ќе се утврдат од Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија со посебна одлука.

3. Републиката ќе ги ослободи од обврската за плаќање на делот од данокот на доход од земјоделска дејност општините, кои со свои одлуки ќе ги ослободат од данок обврзниците од определените подрачја со овој договор.

4. Организациите на здружен труд ќе бидат ослободени од данокот на доход за делот од доходот во висина на средствата што ќе ги вложат од сопствените средства за развој на овие подрачја.

5. Во спроведувањето на посебните програми со кои се ангажираат и средства на Републиката, ќе се дава приоритет на активностите што ќе се остваруваат во определените подрачја од член 3 на овој договор. Тоа ќе се остварува преку:

— програмата за унапредување на индивидуалното земјоделство;

— програмата за создавање на вештачки ливади на ерозивни ораници и мелиорирање на природни ливади во ридско-планинските подрачја;

— програмата за унапредување и позабрзан развој на пчеларството;

— програмата за развој и унапредување на коњарството и други програми.

6. Ќе се обезбедат кредитни средства под бенефицирани услови (без учество) за кредитирање на програма за создавање на резерви на месо во жив добиток на подрачјата во ридско-планинските реони.

7. Средствата на фондот на Федерацијата за кредитирање на позабрзан развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини, покрај другото ќе се користат и за изградба на поштенско-телефонскиот-телеграфскиот сообраќај во подрачјата на ридско-планинските реони и граничниот појас

8. Во рамките на програмата за изградба на патишта во Републиката, посебен приоритет ќе им се дава на изградбата на патиштата што ги поврзуваат овие подрачја.

9. Републиката ќе создава услови за порационално користење на земјоделското земјиште во овие подрачја преку насочување на средства за уредување на земјиштето по пат на арондација, мелиорација и др. мерки на земјишната политика.

10. Републиката ќе создаде услови за изградба на мали акумулации со повеќенаменско користење, посебно во ридско-планинските реони. Тоа ќе се обезбеди на начин што во рамките на средствата утврдени за инвестиции во водостопанството приоритет ќе добие изградбата на мали акумулации и мали системи за наводнување.

11. Републиката ќе преземе и други мерки и активности со кои ќе обезбеди организирано насочување и стимулирање на нивниот натамошен развој, со олеснување во даночната и кредитната политика.

Член 6

Општините ќе учествуваат во позабрзаниот развој на подрачјата од член 3 на овој договор со донесување и реализација на посебни програми, самоуправни спогодби и општествени договори, со кои ќе се обезбеди:

— создавање услови за развој и користење на производните потенцијали по пат на здружување на средства;

— утврдување на даночни ослободувања и други олеснувања со кои ќе ги поттикнува стопанските активности во овие подрачја. Со одлуки или со друг акт на општината ќе се определат населбите за кои ќе се врши даночно ослободување, а за кои даночно олеснување;

— порационално користење на земјоделското земјиште со преземање на посебни мерки за користење на необработените ораници, особено за поинтензивно користење на земјиштето од старечки домаќинства;

— поттикнување на развојот на сточарството, особено развој и унапредување на пасиштата;

— во рамките на општинските програми на мерки за унапредувањето на индивидуалното земјоделство приоритет ќе им се даде на населбите од овие подрачја;

— поттикнување за самоуправно здружување на трудот и средствата на земјоделците, во земјоделските задруги или во други форми на здружување, како и создавање на услови за формирање на организација на здружен труд која ќе биде носител на развојот на овие подрачја;

— во рамките на програмата за патишта од IV ред, посебен приоритет ќе се даде на изградба и одржување на патишта кои ги поврзуваат овие подрачја, а со ангажирање на други средства и активности ќе се создадат услови и за изградба на шумски патишта;

— ќе иницираат договарање и самоуправно спогодување со самоуправните интересни и месните заедници, со организациите на здружен труд и другите корисници на општествени средства во општината, заради давање приоритет во позабрзаниот стопански и социјален развој на населбите од овој договор;

— создавање услови за стипендирање, оспособување и вработување на лекари, ветеринари, инженери, агрономи, просветни работници, технички и други потребни кадри, а со посебни мерки и средства, како и преку системот на наградувањето, ќе се стимулираат стручните кадри од општинските центри за работа во овие подрачја;

— позабрзано донесување и приспособување на урбанистичките планови и утврдување на олеснувања за изградба на стопански објекти, туристички и рекреациони објекти, станови, бесплатно уредување на градежното земјиште и др.;

— поттикнување и обезбедување на услови за изградба на мали повеќенаменски хидроакумулации;

— активирање на месните заедници како носители на иницијативата за развој на своите подрачја;

— создавање услови за обнова и одржување на одредени напуштени стопански и други објекти (училишта, задружни домови, воденици и др.), а заради организирање одреден вид стопански и друг вид активности;

— во соработка со специјализирани организации на здружен труд ќе организира производство и собирање на шумски плодови и лековити растенија, а во одделни реони и нивна преработка со што ќе се создадат можности за зголемување на доходот и по овој основ;

— поттикнување на развојот на малото стопанство и обезбедување поповолни услови за кредитирање на овие подрачја, согласно Општествениот договор за развој на малото стопанство.

Член 7

Стопанската комора на Македонија ќе се ангажира пред сè во остварувањето на овие задачи и цели:

— поврзување на организациите на здружен труд од областа на стопанството од овие подрачја со организациите на здружен труд од развиените подрачја, во собирање на соодветни информации и програми за нивниот развој. Тоа подразбира презентирање на податоците за развојните можности и предности како што се: расположлива работна сила, природните услови, средствата и другите можности и потреби на подрачјата во ридско-планинските реони и граничниот појас;

— договарање со организациите на здружен труд од другите подрачја, а во согласност со нивните програми за развој, за изнаоѓање можности за дисперзија на преработувачки капацитети во овие подрачја;

— со општинските собранија да се обезбеди договарање и соработка заради меѓусебно информирање, за отворање на нови погони или поврзување на организациите на здружен труд од овие подрачја со организациите на здружен труд од другите подрачја и обратно;

— посебно ќе се ангажираат средства на фондот на Федерацијата да се насочуваат во градба на капацитети во ридско-планинските реони и граничниот појас, ако за тоа постојат услови;

— давање на стручна и друга помош и преземање на мерки и активности за интензивирање на процесите за здружување на земјоделците, како и за развој на постојните задруги и основни организации на кооперанти.

Член 8

Задружниот сојуз на Македонија ќе се ангажира на оспособување на ОЗТ од земјоделството и на другите организации за остварување на мерките за развој на овие подрачја заради зголемување на доходот кај индивидуалните земјоделски производители, а со цел да се обезбедат услови за живеење на село.

Член 9

Стопанската банка — Здружена банка — Скопје, основните банки и деловни единици во Републиката, учесници на овој договор, за остварување на политиката за позабрзан развој на овие подрачја ќе преземаат мерки и активности со кои, придржувајќи се на основите на банкарското работење, поодговорно и на соодветен начин ќе го потпомагаат забрзувањето на инвестиционите активности на овие подрачја. Тоа ќе се обезбеди преку:

— давање на приоритет при разгледувањето на барањата за одобрување на кредити на инвеститорите кои вложуваат во овие подрачја;

— при одобрувањето на кредитите, освен од средствата на фондот на Федерацијата, ќе одобруваат и други поповолни кредитни услови за инвестирање во овие подрачја, што подразбира давање слеснувања по однос на времето на отплата на ануитетите во висина на сопственото учество, пониска каматна стапка и други олеснувања;

— во рамките на самоуправната спогодба за насочување на 5% од нето приливот на штедните влогови за инвестиции во индивидуалното земјоделство, кредитите кои ќе се одобруваат на земјоделци од овие подрачја, по правило, ќе се одобруваат со помало учество на земјоделецот за 10 (десет) процентни поени и со подолг рок на отплата за 2 години во споредба со кредитите за останатите подрачја;

— обезбедување услови поднесувањата и одобрувањата на кредитните барања за инвестициони вложувања во овие подрачја да се врши по упростена процедура;

— за инвеститорите кои вложуваат средства во овие подрачја ќе даваат поповолни кредитни динарски и девизни гаранции;

— ќе се даваат деловно-технички услови и податоци на одделни интересенти при донесувањето на инвестициони програми, а ќе даваат информации за можностите за производствена соработка и заеднички вложувања меѓу организациите на здружен труд од овие и други подрачја;

— да се стимулира инвестирањето со личните средства во сопственост на граѓаните.

Член 10

Републичкиот фонд за кредитирање на позабрзаниот развиток на стопански недоволно развиените краишта посебно ќе го поттикнува и потпомага развојот на подрачјата на ридско-планинските реони и граничниот појас во општините кои имаат третман на стопански недоволно развиени краишта.

Со средствата на Републичкиот фонд посебно ќе се потпомагаат вложувањата што ќе се остваруваат во ридско-планинските реони и граничниот појас во стопански недоволно развиените општи-

ни. Учеството на средствата од Републичкиот фонд ќе изнесува од 10 до 25% од пресметковната вредност на зафатите во зависност од степенот на стопанската развиеност на поодделните општини, според условите утврдени во Општествениот договор за поттикнување и остварување на побрз развој на стопански недоволно развиените краишта и за условите и критериумите за употреба на средствата од Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта за периодот од 1981 до 1985 година.

За инвестиционите вложувања што ќе се остваруваат во граничниот појас на стопански недоволно развиените општини од средствата на Републичкиот фонд ќе се обезбедува зголемено учество од претходниот став за 5 (пет) процентни поени.

Создавањето на инфраструктурни услови во ридско-планинските реони во стопански недоволно развиените општини ќе се потпомага со учество на средствата на Републичкиот фонд до 25% од пресметковната вредност, а во граничниот појас на недоволно развиените општини ова учество може да изнесува до 30% од пресметковната вредност.

Член 11

Републичките самоуправни интересни заедници од областа на образованието, науката, културата, физичката култура, социјалната заштита и здравственото осигурување, општествената заштита на децата и вработувањето, во програмите за одделни нивни активности ќе обезбедат услови за понагласено решавање на потребите по пат на општествено договарање и самоуправно спогодување со соодветните самоуправни интересни заедници во општините, со солидарно здружување на средствата и тоа за:

— обезбедување поголемо учество за проширување на мрежата на здравствени организации, подобрување на состојбите со здравствен кадар со стимулативно наградување, создавање поповолни услови во тековното финансирање на здравствената дејност и давање на други погодности;

— учество во инвестирање за изградба, одржување и опремување на училиштата, како и подобрување на кадровската положба и поголемо учество на младите од тие подрачја во здобивање на повисок степен на образование;

— учество во изградбата на објекти за заштита на децата во овие подрачја;

— изградба на објекти за физичка култура и финансирање на спортски активности;

— со здружени средства ќе се софинансира развојот на културата во овие населби преку разни приредби, развој на библиотеки, изградба и адаптација на културни домови, заштита на културно-историски споменици;

— изградба на релејни станици и ТВ мрежи особено во пограничните места, како и согледување можноста за ослободување или олеснување на радио и ТВ претплата;

— поголема и попотполна информираност на населението на месните заедници од овие подрачја ќе се обезбеди преку бесплатно добивање на специјализираниот неделен весник за село „Трибина", при што за оваа цел ќе се обезбеди соодветен простор во весникот, како и други посебни прилози и специјални изданија.

Член 12

Републичките и општинските самоуправни интересни заедници за патишта, искористување на пасишта и утрини, за водостопанство, преку програмите за одделни нивни активности ќе обезбедат услови за позабрзан развој на дејностите и понагласено решавање на потребите и тоа со:

— давање посебен приоритет за изградба и реконструкција на пасиштата во овие подрачја и изнаоѓање на нови извори на средства за тоа;

— подобрување на состојбата на пасиштата и создавање услови за развој на сточарството;

— позабрзано вработување и натамошно намалување на бројот на невработените и вработување на повратници привремено вработени во странство;

— со финансирање студии и истражувања кои ги обработуваат проблемите на подрачјата од член 3 на овој договор.

Член 13

Самоуправната интересна заедница за поштенско-телеграфски и телефонски сообраќај, преку договори и самоуправни спогодби ќе создава услови за реализација на веќе изготвената програма, со која ќе се обезбеди проширување на ПТТ мрежата и поквалитетно поврзување на населбите од овие подрачја со другите подрачја во Републиката.

За поддржување на развојот и проширување на ПТТ мрежата, ќе се насочат и средства од фондот на Федерацијата.

Член 14

Републичкиот и општинските совети за унапредување на индивидуалното земјоделство, во рамките на расположливите средства кои ќе бидат утврдени со годишните програми, ќе насочат поголем обем на субвенции за одделни намени во земјоделството и за поставување на бесплатни демонстративно-производни опити, а преку стручните служби за унапредување на индивидуалното земјоделство ќе преземаат и друга активност за развој и унапредување на индивидуалните земјоделски стопанства во овие подрачја.

Член 15

Здруженото земјоделско-прехранбен комбинат „Македонија" преку своите членки непосредно ќе се ангажира во зголемување на производството на храна и суровини во овие подрачја. Тоа ќе го остварува по пат на јакнење на соработката и поврзувањето на организациите на здружен труд од рамничарското подрачје со соодветните организации од ридско-планинските подрачја со јакнење на постојните и создавање на нови организации, особено основни организации на кооперанти и други форми на здружување на земјоделците.

Од средствата кои ќе се остваруваат по пат на здружување заради побрзиот развој на недоволно развиените краишта ќе се даде приоритет на инвестиционите вложувања кои ќе се остваруваат во овие подрачја, а особено за развојот на сточарството, пред сè за развој на овчарството, говедарството, живинарството и пчеларството, за подигање на овошни насади, особено за ситно овошје и развој на пчеларството и билкарството, како и за изградба на собирни станици за млеко, мали преработувачки капацитети и складиштен простор.

Комбинатот ќе презема посебни мерки за покомплексно користење на напуштени ораници и нивна трансформација за попродуктивно користење.

Решавањето на проблемите на пласманот на земјоделските производи и обезбедувањето на овие подрачја со репродукциони материјали ќе добие посебно место во ангажирањето на комбинатот.

Член 16

Сложената организација „Електростопанство на Македонија" со соодветните организации во општините, општествено-политичките заедници, организациите на здружен труд и месните заедници, врз основа на самоуправно договарање и спогодување, ќе здружат средства за реализација на посебната акциона програма за позабрзано електрифицирање на неелектрифицираните населби и подобрување на квалитетот на електричната енергија во овие подрачја.

Ќе се подготви програма и ќе се отпочне со градба на мали хидроелектрани во определени ридско-планински подрачја.

Член 17

Учесниците на Договорот се обврзуваат во своите програми за развој на овие подрачја за периодот од 1981 до 1985 година да ги вградат заеднички договорените цели и задачи и да преземаат обврски за спроведување на мерките и активностите со кои ќе се обезбеди реализација за договорената политика за позабрзан развој на подрачјата од член 3 на овој договор.

За таа цел потписниците на овој договор ќе изготват годишни акциони програми.

Врз основа на годишните акциони програми ќе се изготви и спроведува Републичката програма.

Реализацијата на Републичката програма ќе се остварува врз динамиката на спроведувањето на годишните акциони програми кои ќе се донесуваат 30 дена по донесувањето на Резолуцијата за општествено-економскиот развој на Републиката.

Член 18

За спроведувањето на овој договор учесниците образуваат Координационен одбор (натаму: Одбор) со цел:

— да ги координира, усогласува и насочува мерките и активностите на учесниците на овој договор;

— да го следи извршувањето на обврските по овој договор;

— да ги анализира резултатите од преземените мерки и активности;

— да предлага додатни мерки и активности кои треба да се преземаат за поуспешно извршување на овој договор.

Одборот има претседател и 20 членови.

Во одборот свои членови делегираат: Собранието на СР Македонија, кој истовремено е и претседател на Одборот; Извршниот совет на Собранието на СРМ; Републичката конференција на ССММ; Задружниот сојуз на Македонија; Стопанската комора на Македонија; Стопанската банка на СР Македонија; Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта; Републичката интересна заедница на здравството и здравственото осигурување; Општата заедница на образованието; Републичката самоуправна интересна заедница за патишта; Здруженото земјоделско-прехранбен комбинат „Македонија"; Сложената организација „Електростопанство" на Македонија; Републичката самоуправна интересна заедница за поштенско-телеграфски и телефонски сообраќај и осум претставници на општините што ќе ги определи Заедницата на општините и градовите на Македонија.

Одборот донесува свој деловник и е овластен да дава толкување на одредбите на овој договор.

Член 19

За спроведување на програмите за своето подрачје, општините формираат соодветно тело за спроведување и следење на проблемите за развој на овие подрачја.

Член 20

Стручните и другите работи на Одборот ќе ги врши орган што ќе го определи Извршниот совет на Собранието на СР Македонија.

Член 21

Доколку одделни учесници на овој договор, според мислењето на другите учесници не се придржуваат кон него, Одборот веднаш ќе расправа по тоа.

Кога Одборот ќе утврди дека некој учесник го прекршил Договорот, го известува односниот учесник и од неговиот орган ќе побара да преземе мерки за почитување на преземените обврски со овој договор.

Доколку учесникот од претходниот став не ги преземе соодветните мерки, Одборот ќе ги извести другите учесници и од нив ќе побара согласност за поведување постапка за општествена одговорност на учесникот или за преземање на други мерки.

Член 22

Измени и дополнувања на овој договор се вршат на начин и по постапка за неговото склучување.

Член 23

Кон овој договор можат да пристапат и други организации и заедници кои ги прифаќаат правата и обврските што произлегуваат од него.

Член 24

Овој договор се смета за склучен кога ќе го прифатат и потпишат учесниците во договарањето.

Член 25

Овој договор ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Прилози:

а) Преглед на населбите

б) Потписници на договорот (список).

ПРЕГЛЕД

на населбите и населбите-рурални центри на кои може да се применуваат мерките утврдени со Општествениот договор за позабрзан развој на определени подрачја во ридско-планинските реони и граничниот појас во Социјалистичка Република Македонија за периодот од 1981—1985 година

Во смисла на член 3, став 3 од Општествениот договор за позабрзан развој на определени подрачја во ридско-планинските реони и граничниот појас во Социјалистичка Република Македонија за периодот од 1981 до 1985 година, населбите на кои можат да се применуваат мерките за нивниот позабрзан развој утврдени со овој договор се:

1. ОПШТИНА БЕРОВО

а) Ридско-планински реони	б) Граничен појас	в) Рурални центри
Робово	Дворište	Дворište
Умлена	Црник	Митрашинци
Владимирово	Негрево	Панчарево
Русиново	Ратево	Русиново
Митрашинци	Чифлик	
	Панчарево	

2. ОПШТИНА БИТОЛА

а) Ридско-планински реони

Бач
Гавато
Кажани
Гопеш
Дрвеник
Ивеник
Магарево
Малоиште
Ниже Поле
Облаково
Орехово
Ротино
Зовиќ
Српци
Трново
Цапари
Средно Егри

б) Граничен појас

Совиќ
Живојно
Гермијан
Кременица
Лажец
Мецитлија
Драгош
Кишава
Граешница
Петалино
Полог
Острец
Велушина
Злокуќани
Породин
Скочивир
Сливоица
Добровени
Брод
Велесело
Гнеотино
Оптичари
Жабени
Барешани
Канино

в) Рурални центри

Бач
Велушина
Лопатица
Маково
Старавина
Цапари

3. ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

а) Ридско-планински реони

Вир
Василковци
Зркле
Горни Манастирец
Инче
Локвица
Могилец
Сланско
Дрешнево
Пласница
Преглево
Дворци
Ореовец
Русјаци
Слатина
Тополница
Драгов Дол
Бенче
Долни Манастирец
Модриште
Растеж
Битово
Брезница
Брест
Волче
Долно Ботушје
Горно Ботушје
Долно Крушје
Горно Крушје
Дреново
Звечан
Косово
Крапа
Лупште
Рамне
Сушица
Тажево
Требовље
Томино Село
Заград
Самоков

в) Рурални центри

Долни Манастирец
Модриште
Растеж
Самоков

4. ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

б) Граничен појас

Башибоз
Чалакли
Казандол
Собри

в) Рурални центри

Собри

5. ОПШТИНА ВИНИЦА

а) Ридско-планински реони

Драгобраште
Лаки
Блатец
Липец
Преклани
Трсино

в) Рурални центри

Блатец
Трсино

6. ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

б) Граничен појас

Сретеново
Селемли
Конско
Хума
Куртанзали
Гопчели
Николиќ
Сермени
Севендекли
Дурутли
Ѓумабос
Кованци
Органцали
Чаушли

в) Рурални центри

Николиќ
Сермени

7. ОПШТИНА ГОСТИВАР

а) Ридско-планински реони

Врановци
Г. Ѓоновица
Д. Ѓоновица
Калишта
Митрови Крсти
Н. Село (Врап)
Н. Село (Гостив)
Орѓуше
Церово
Беличица
Богдево
Горјане
Волковија
Галичник
Г. Јеловце
Д. Јеловце
Дув
Ѓурѓевиште
Железна река
Лазорополе
Ломница
Симница
Кичиница
Корито
Кракорница
Куново
Леуново
С. Маврово
Никифорово
Падалиште
Печково
Пожаране
Рибница
Росоки
Селце
Сенце
Сретково
Страјање
Сушица
Тресонче
Трново
Ќафа
Србиново

б) Граничен појас

Ациевци
Битуше
Велебрдо
Присојница
Бибај
Бродец
Врбјане
Врбен
Грекај
Жужње
Ничпур
Нивиште
Јанче
Тануше
Требиште
Жировница
Нистрово
Рибница
Ростуше
Скудриње

в) Рурални центри

Жировница
Лазорополе
Ломница
Нистрово
Рибница
Ростуше
Симница
Скудриње
Србиново

8. ОПШТИНА ДЕБАР

а) Ридско-планински реони

Броштица
Гари
Коцацик
Могорче
Новак
К. Елевци
Т. Елевци
Г. Мелничани
Г. Косоврасти

б) Граничен појас

Баланци
Бањиште
Бомово
Брештани
Г. Папрадник
Долгаш
Житинани
Коњари
Кривци
М. Папрадник
Отишани
Селокуки
Праленик
Спас
Сушица
Хаме
Д. Косоврасти
Д. Мелничани
Бајрамовци
Горенци
Рајчица
Цепиште

в) Рурални центри

Баланци
Селокуки
Цепиште

9. ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

а) Ридско-планински реони

Базерник
Боиште
Брезово
Г. Илино
Лесково
Смилево
Вирово
М. Илино
Радово
Царево
Зашле
Доленци

в) Рурални центри

Вирово
Доленци
Смилево

10. ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

а) Ридско-планински реони

Костиндол

б) Граничен појас

Ветрен
Вирче
Вратиславци
Град
Киселица
Косевица
Моштица
Полето
Саса
Драмче
Каменица
Селник
Страме
С. Истевник
К. Дабје
Луковица
Тодоровци
Звегор
Габрово
Очипале
Чифлик
Тработивиште

в) Рурални центри

Драмче
Каменица
Разловци
Тработивиште

11. ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

а) Ридско-планински реони

Бегниште
Дреново
Конопиште
Крњево

б) Граничен појас

Мајдан
Мрежичко
Рожден

в) Рурални центри

Бегниште
Дреново
Конопиште
Крњево
Мрежичко

12. ОПШТИНА КИЧЕВО

а) Ридско-планински реони

Бачишта
Белица
Букојчани
Видрани
Г. Добреновец
Длапкин Дол
Д. Добреновец
Дупјани
Јудово
Козица
Крушица
Лешница
Попоец
Рбетино
Речани Зајашко
Туин
Г. Црско
М. Црско
Извор
Светарача
Бериково
Велмевци
Г. Душегубица
Д. Душегубица
Ехловец
Иванчишта
Јаворец
Кладник
Козичино
Кленоец
Кнежино
Лавчани
Малкоец
Ново Село
Папрадиште
Патеец
Пространье
Тајмиште
Цер

в) Рурални центри

Извор
Светарача
Цер

13. ОПШТИНА КОЧАНИ

а) Ридско-планински реони

Главовица
Јастребник
Костиндол
Небојани
Пашаджиково
Полаки
Пресека

б) Граничен појас

Цера

в) Рурални центри

Полаки
Пресека

14. ОПШТИНА КРАТОВО

а) Ридско-планински реони

Близанци
Емирица
Каврак
Кнежево
Мушково
Ојаково
Куново
Луково
Нежилово
Сакулица

в) Рурални центри

Мушково
Сакулица

15. ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНЕ

а) Ридско-планински реони

Баштево
Бараклија
Габор
Градец
Гулинци
Дренак
Конопница
Криви Камен
Мартиница
Матежево
Нерав
Паклиште
Станче
Дурачка река
Борово
Герман
Огут

б) Граничен појас

К. Дол
Г. Црцорија
М. Црцорија
Трново
Узем
Кркља
Костур
Луке
Дубровница
Подржикоњ
Осиче
Киселица
Дреље
Варовиште
Лозаново
Бас
Коњаник
Станци
Жидилово

в) Рурални центри

Борово
Герман
Дубровница
Дурачка река
Жидилово
Огут

16. ОПШТИНА КРУШЕВО

а) Ридско-планински реони

Арлиево
Барино
Г. Дивјаци
Велушино
Острилци
Пуста Река
Селце
Долно Дивјаци

в) Рурални центри

Велушино
Долно Дивјаци

17. ОПШТИНА КУМАНОВО

а) Ридско-планински реони

Арбанашко
Белановце
Буковљане
Длабочица
Дренок
Бајловце
Руѓинце
Злокуќане
Мгленце
Стрима
Цветишница
Жегљане
Липково

в) Рурални центри

Бајловце
Жегљане
Липково
Руѓинце

18. ОПШТИНА НЕГОТИНО

а) Ридско-планински реони	в) Рурални центри
Дрен	Дрен
Корешница	Корешница

19. ОПШТИНА ОХРИД

а) Ридско-планински реони		б) Граничен појас	в) Рурални центри
Арбиново	Завој	Љубаништа	Врбјани
Белчишта	Конско		Куратица
Велмеј	Лактиње		Љубаништа
Г. Средоречије	Мраморец		Слатино
Д. Средоречије	Плаќе		
Злести	Рамне		
Издеглавје	Печица		
Лешани	Свињишта		
Ново Село	Сирула		
Оздолени	Брежани		
Песочани	Скребатно		
Сошани	Сливово		
Чифлик	Турје		
Велестово	Црвена Вода		
Годивје	Куратица		
Врбјани	Слатино		

20. ОПШТИНА ПРИЛЕП

а) Ридско-планински реони		в) Рурални центри
Бешиште	М. Радобил	Витолиште
Крстец	Живово	Голем Радобил
Плетвар	Полчиште	Дреновци
Витолиште	Зрзе	Зрзе
Голем Радобил	Штавица	Штавица
Дреновци		

21. ОПШТИНА ПРОБИШТИП

а) Ридско-планински-реони		в) Рурални центри
Злетово	Ратковица	Злетово
Зелен Град	Шталковица	
Јаниште		

22. ОПШТИНА РАДОВИШ

а) Ридско-планински реони		в) Рурални центри
Алилобаси	Смиланци	Конче
Козбунар	Ново Село	Коџалија
Конче	Шипковица	Смиланци
Коџалија		

23. ОПШТИНА РЕСЕН

а) Ридско-планински реони		б) Граничен појас	в) Рурални центри
Болно	Лавци	Брајчино	Горно Крушје
Г. Дупени	Лева Река	Д. Дупени	Љубојно
Грнчари	Петрино	Конско	
Евла	Покрвеник	Лескоец	
Златари	Рајца	Стење	
Избишта	Сливница	Арвати	
Илино	Сопотско	Крани	
Кривени	Шурленци	Отешево	
Крушје	Горно Крушје	Штрбово	
Курбилово		Наколец	
		Љубојно	

24. ОПШТИНА „ГАЗИ БАБА"

а) Ридско-планински реони	в) Рурални центри
Средно Коњаре	Средно Коњаре

25. ОПШТИНА „КАРПОШ“

а) Ридско-планински реони	в) Рурални центри
Радуша	Радуша

26. ОПШТИНА „ЧАИР“

а) Ридско-планински реони		в) Рурални центри
Бањане	Љубанци	Бањане
Блаце	Малино	Брест
Бродец	Танушевци	Љубанци
Брест		

27. ОПШТИНА „КИСЕЛА ВОДА“

а) Ридско-планински реони		в) Рурални центри
Алдинци	Патишка река	Јаболци
Елово	Црн Врв	Палиград
Јаболци	Цветово	Цветово
Палиград		

28. ОПШТИНА СТРУГА

а) Ридско-планински реони	б) Граничен појас		в) Рурални центри
Збажди	Буринец	Мислодежда	Вевчани
Локов	Вишни	Локов	Лабуништа
Поум	Г. Белица	Г. Нерези	Мислодежда
Присовјани	Дренок	Калишта	Нерези
	Лакоица	Д. Белица	Радожда
	Луково	Октиси	
	М. Влај	Заграчани	
	Радолишта	Ташмаруниште	
	Модрич	Шум	
	Франгово	Д. Нерези	
	Бороец	Селце	
	Безово	Ржаново	
	Јабланица	Подгорци	
	Вевчани	Пискупштина	
	Лабуништа	Брчево	
	Радожда	Нерези	

29. ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

а) Ридско-планински реони	в) Рурални центри
Горобинци	Горобинци
Долно Ѓуѓанце	Долно Ѓуѓанце

30. ОПШТИНА СТРУМИЦА

а) Ридско-планински реони	б) Граничен појас		в) Рурални центри
Костурино	Бадолен	Ново Село	Костурино
Нивичино	Бајково	Мемешли	Нивичино
Попчево	Н. Коњарево	Мокрино	Ново Село
	С. Коњарево	Смолари	Попчево
	Стиник	Мокриево	
	Барбарево	Банско	
	Дорлобос	Бориово	
	Орманли	Зубово	
	Борисово	Свидовица	
	Дражево	Самоилово	
	Габрово	Сушица	
	Колешино	Моноспитово	

31. ОПШТИНА ТЕТОВО

а) Ридско-планински реони		в) Рурални центри
Волковија	Гермо	Волковија
Бозовце	Јеловјане	Вратница
Бродец	Лисец	Седларево
Вејце	Ново Село	Урвич
Вешала	Седларево	Шипковица
Гургурница	Урвич	
Вратница	Шипковица	

32. ОПШТИНА ТИТОВ ВЕЛЕС

а) Ридско-планински реони

Богомила
Папрадиште
Г. Врановце
Нежилово
Горно Јаболчиште
Долно Јаболчиште
Иванковци
Извор
Лисиче

в) Рурални центри

Богомила
Горно Јаболчиште
Долно Јаболчиште
Иванковци
Извор
Лисиче

33. ОПШТИНА ШТИП

а) Ридско-планински реони

Вртешка
Ебеплија
Мичак
Мурталија
Почилово
Припечани
Прналија
Шашаварлија

в) Рурални центри

Вртешка
Шашаварлија

ОПШТИНИ	БРОЈ НА НАСЕЛБИ			
	Ридско-планински	Граничен појас	Рурални центри	Вкупно
1	2	3	4	5
Берово	5	6	4	11
Битола	17	25	6	42
Македонски Брод	41	—	4	41
Валандово	—	4	1	4
Виница	6	—	2	6
Гевгелија	—	14	2	14
Гостивар	43	20	9	63
Дебар	9	22	3	31
Демир Хисар	12	—	3	12
Делчево	1	22	4	23
Кавадарци	4	3	5	7
Кичево	39	—	3	39
Кочани	7	1	2	8
Кратово	10	—	2	10
Крива Паланка	17	19	6	36
Крушево	8	—	2	8
Куманово	13	—	4	13
Неготино	2	—	2	2
Охрид	32	1	4	33
Прилеп	11	—	5	11
Пробиштип	5	—	1	5
Радовиш	7	—	3	7
Ресен	19	11	2	30
„Гази Баба“ — Скопје	1	—	1	1
„Карпош“ — Скопје	1	—	1	1
„Чаир“ — Скопје	7	—	3	7
„К. Вода“ — Скопје	7	—	3	7
Струга	4	32	5	36
Свети Николе	2	—	2	2
Струмица	3	24	4	27
Тетово	14	—	5	14
Титов Велес	9	—	6	9
Штип	8	—	2	8
ВКУПНО:	364	204	111	568

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1132
5 мај 1982 година
Скопје

ПОТПИСНИЦИ:

1. Собранието на Социјалистичка Република Македонија,
2. Собранието на општината Берово,
3. Собранието на општината Битола,
4. Собранието на општината Македонски Брод,
5. Собранието на општината Валандово,
6. Собранието на општината Виница,
7. Собранието на општината Гевгелија,
8. Собранието на општината Гостивар,
9. Собранието на општината Дебар,
10. Собранието на општината Делчево,
11. Собранието на општината Демир Хисар,
12. Собранието на општината Кавадарци,
13. Собранието на општината Кичево,
14. Собранието на општината Кочани,
15. Собранието на општината Кратово,
16. Собранието на општината Крива Паланка,
17. Собранието на општината Крушево,
18. Собранието на општината Куманово,
19. Собранието на општината Неготино,
20. Собранието на општината Охрид,
21. Собранието на општината Прилеп,
22. Собранието на општината Пробиштип,
23. Собранието на општината Радовиш,
24. Собранието на општината Ресен,
25. Собранието на општината Свети Николе,
26. Собранието на општината Струга,
27. Собранието на општината Струмица,
28. Собранието на општината Тетово,
29. Собранието на општината Титов Велес,
30. Собранието на општината Штип,
31. Собранието на општината Карпош,
32. Собранието на општината Чаир,
33. Собранието на општината Гази Баба,
34. Собранието на Општината Кисела Вода,
35. Републичката конференција на ССММ,
36. Советот на сојузот на синдикатите на Македонија,
37. Стопанската комора на Македонија,
38. Задружниот сојуз на Македонија,
39. Стопанската банка — Здружена банка — Скопје со основните банки и деловни единици,
40. Основна банка „Југобанка" — Скопје,
41. Основна банка — Љубљанска банка — Скопје,
42. ЈИК банка — Скопје,
43. Инвест банка — Скопје,
44. Основна земјоделска банка — Скопје,
45. Републичкиот фонд за кредитирање на позабрзаниот развој на стопански недоволно развиените краишта,
46. Републичката самоуправна интересна заедница за економски односи со странство,
47. Републичката самоуправна интересна заедница за образование,
48. Републичката самоуправна интересна заедница за наука,
49. Републичката самоуправна интересна заедница за физичка култура,
50. Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита и здравствено осигурување.
51. Републичката самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата,
52. Републичката самоуправна интересна заедница за вработување,
53. Самоуправната интересна заедница за патишта,
54. Самоуправната интересна заедница за пасишта и утрини,
55. Самоуправната интересна заедница за поштенско-телеграфски и телефонски сообраќај,
56. Самоуправната интересна заедница за водостопанство,
57. Советот за унапредување на индивидуалното земјоделство,
58. Здруженото земјоделско прехранбен комбинат „Македонија",
59. Сложената организација „Електростопанство" на Македонија,
60. Советот за истражувачки работи во рударството,
61. Земјоделскиот факултет — Скопје.

Врз основа на член 95, а во врска со член 90 став 1 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" бр. 17/79), собранијата на општините Чаир, Гази Баба и Кисела Вода — Скопје

О Б Ј А В У В А А Т

дека ќе вршат избор на двајца судии на Општинскиот суд Скопје II — Скопје

Заинтересираните кандидати, покрај општите услови треба да ги исполнуваат и следните услови: да се државјани на СФРЈ, дипломирани правници со потребно искуство и стручно знаење, со положен правосуден испит и морално-политички квалитети за вршење на судската функција.

Пријавите со потребните документи кандидатите треба да ги доставуваат до Собранито на општината Чаир — Скопје — Комисија за прашања на изборите и именувањата во рок од 15 дена, сметано од денот на објавувањето на соопштението. (119)

СОДРЖИНА

Страна

198. Одлука за избор на претседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — — — — 377
199. Одлука за избор на потпретседатели на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — — — 377
200. Одлука за избор на претседател на Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — — — — — 377
201. Одлука за избор на претседател на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија 377
202. Одлука за избор на претседател на Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — — — — 378
203. Одлука за избор на членови на Претседателството на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — — 378
204. Одлука за избор на делегацијата на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — — — — — — — — — 378
205. Одлука за избор на претседател на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — 378
206. Одлука за избор на членови на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — 378
207. Одлука за именување на републички секретар, претседатели на републичките комитети и директор на Републичкиот завод за општествено планирање — — 379
208. Одлука за именување секретар на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — — — — 379
209. Одлука за избор на потпретседател на Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — — — — 379
210. Одлука за именување секретар на Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ — — — — — — — — — 380
211. Одлука за избор на потпретседател на Соборот на општините на Собранието на СРМ — — — — — — — — — 380
212. Одлука за именување секретар на Соборот на општините на Собранието на СРМ — — — — — — — — — 380
213. Одлука за избор на потпретседател на Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ — — — — — — — 380
214. Одлука за именување секретар на Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ — — — — — — — — 380
215. Одлука за именување командант на Републичкиот штаб за цивилна заштита 380
216. Одлука за избор на претседател и судии на Уставниот суд на Македонија — 381
217. Одлука за именување заменици на функционери што раководат со републички органи на управата — — — — 381
218. Одлука за именување членови на републичките комитети — — — — — — 381
219. Одлука за именување претседател и членови на Републичката комисија за односи со верските заедници — — — — 384
220. Одлука за именување републички советник во Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — 384
221. Одлука за именување републички советник во Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — 384
222. Извештај на Републичката изборна комисија за резултатите од изборот на делегатите во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ — — — 384
223. Извештај на Републичката изборна комисија за резултатите од изборот на делегатите во Соборот на општините на Собранието на СР Македонија — — — 388
224. Извештај на Републичката изборна комисија за резултатите од изборите на делегатите во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СР Македонија 392
225. Одлука за користење на средствата на солидарноста на Социјалистичка Република Македонија за отстранување на последиците од елементарни непогоди — 393
226. Одлука за висината на посебниот надоместок што се плаќа за друмските моторни возила — — — — — — — — 393
227. Одлука за компензација на цените на услугите на жичарниците во СР Македонија за 1982 година — — — — — — 394
228. Одлука за престанување важноста на одлуката за компензација на цената на пресното кравјо млеко — — — — — 394
229. Решение за назначување советник на републичкиот секретар за внатрешни работи — — — — — — — — — — 394
230. Решение за именување директор на центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита — 394
231. Решение за разрешување од должност директор на Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита — — — — — — 394
232. Решение за разрешување и именување претставници на општествената заедница на Советот на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата 395
233. Решение за давање согласност за именување директор на Заводот за геодетски и фотограметриски работи во Скопје 395
234. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 126/81 од 1 април 1982 година 395
235. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 129/81 од 25 март 1982 година 396

Општествени договори и самоуправни спогодби

243. Општествен договор за позабрзан развој на определни подрачја во ридско-планинските реони и граничниот појас во СР Македонија за периодот од 1981 до 1985 година — — — — — — — — — 396

Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Телефон 228-204. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печати Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје.